# ПРАВИЛНИК ЗА СТРУЧНА РАБОТА НА КИНОЛОШКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

## I. ПРАВИЛНИК ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И РЕГИСТРИРАЊЕ РАСНИ КУЧИЊА

Одредбите од овој Правилник на Кинолошкиот сојуз на Македонија (КСМ) за одгледување и регистрирање расни кучиња го уредуваат одгледувањето чистокрвни расни кучиња според признати стандарди на Меѓународната кинолошка федерација (ФЦИ) и регистрирањето чистокрвни расни кучиња во Македонската родовна книга (МРК) и Македонската условна родовна книга (МУРК). Овие одредби важат за целата територија на Република Македонија, за сите кинолошки клубови и друштва членки на КСМ, како и за сите нивни членови. Одредбите се задолжителни во сите постапки од одгледувањето.

**Член 1. Основни одредби**

а) Овие одгледни одредби може да бидат надополнети со правилници на кинолошките здруженија за кои Стручниот совет (СС) на КСМ претходно дал писмена согласност, во согласност со расните карактеристики за постигнување одгледни цели според стандардите на ФЦИ.

б) Одгледните правилници на националните расни клубови мора да се во согласност со овие одгледни одредби при што треба да важат македонските закони за заштита и држење животни.

в) Кинолошките клубови кои имаат дополнителни правилници за одгледување одредени раси кучиња, своите правилници и програми за работа мора во целост да ги испратат на одобрување до Стручниот совет на КСМ.

**Член 2. Одгледувач**

а) Одгледувач е сопственик на женка во време кога таа е парена, освен ако сопственоста не е писмено пренесена на нов сопственик.

б) Одгледувач мора да е член на кинолошко друштво или клуб членка на КСМ.

в) Сопственик на куче е личност која женката или мажјакот ги стекнал на законски начин и тоа може да го докаже со поседување на уредно заверен оригинален родовник. Доколку постојат посебно договорени услови помеѓу одгледувачот и сопственикот на кучето (купувачот), потребно е писмено да се регулираат и истите да се заверат на овластен нотар. Примерок од тој договор треба да се достави до кинолошките друштва или клубови каде членува сопственикот на кучето.

г) Право на секој одгледувач е да бара стручни совети од Стручниот совет на КСМ, како и од одговорни лица во кинолошки друштва или клубови каде членува.

д) Должности на одгледувачот се:

- да одгледува само мажјаци или женки кои се позитивно оценети;
- да не одгледува кучиња без родовници или со родовници од непризнаени кинолошки организации;
- да одгледува само здрави кучиња;
- да овозможи нормални одгледни услови за кучињата кои одговараат на нивните физички и психички потреби;
- додека малите кучиња се кај одгледувачот, тој е должен да им обезбеди потребни услови за нивен физички и психички развој кои ќе им овозможуваат и добра социјализација;
- малите кучиња да не ги предава на новите сопственици пред да наполнат 2 (два) месеци;
- пред да ги предаде на новите сопственици, одгледувачот е должен да ги исчисти малите кучиња од цревни паразити и да ги вакцинира најмалку 2 (два) пати против најчестите зарази и истото да може да го потврди со здравствена книшка заверена од лиценцирана ветеринарна установа;
- под морална и материјална одговорност да дава вистински податоци за пријава на легло;
- своите одгледни права да ги остварува преку кинолошко друштво или клуб каде е член;
- во одгледувањето, да не ги крши одредбите од овој Правилник.

**Член 3. Отстапување права за одгледување**

а) Правото на употреба на женка или мажјак во одгледување може да биде пренесено на друго лице. (Отстапување права за одгледување)

б) Отстапувањето права за одгледување мора да биде писмено договорено пред планираното парење. Еден примерок од договорот мора да биде приложен со пријавата на леглото.

в) Кога се отстапуваат правата за одгледување треба целосно да се опишат правата и обврските на обете договорни страни.

Оној кој привремено ќе преземе женката за одгледување се смета за привремен сопственик на женката, од периодот на парење па сè до завршување со доење на малите кучиња.

Оној кој привремено ќе преземе мажјак за парење се смета за привремен сопственик на мажјакот, сè до завршување на претходно договорениот рок.

Привремениот сопственик на кучето за одгледување ги задржува сите права и обврски како и сопственикот за времетраење на договорот.

Привремениот сопственик на женка со пријава на легло доставува и копија од договорот за отстапување права за одгледување.

По успешното парење, привремениот сопственик на мажјакот му дава на сопственикот на женката копија од договорот за отстапување права за одгледување.

За единки од странство кои се користат за одгледување во Македонија по основ на договор за отстапување право за одгледување потребно е да се изврши нострификација.

За единки од странство кои се користат за одгледување во Република Македонија по основ на договор за отстапување права за одгледување задолжително е да ги исполнуваат важечките услови за одгледување во Република Македонија.

Договорот за отстапување права за одгледување задолжително треба да содржи:

- податоци за примателот и давателот на права за одгледување;
- податоци за единката за одгледување која е предмет на договорот;
- почеток и крај на отстапување право за одгледување; и
- за мажјаци, кој има право на потпис на потврдата за парење.

**Член 4. Име на одгледувачница**

а) Сопственик на одгледувачница мора да биде член на КД/КК и во своја сопственост да има намалку две женки од иста раса.

б) Кучиња не може да имаат име на одгледувачница поинакво од она кое е заштитено на име на одгледувачот. Сопственик на одгледувачница не може да биде лице кое не е полнолетно.

в) Одгледувач може да регистрира само едно име на одгледувачница по раса, освен во случај кога е регистрирано второ име на одгледувачница заедно со ко-одгледувач. Одгледувачот може да регистрира повеќе имиња на одгледувачници за други раси.

За одредена поединечна раса, одгледувачот не може да има повеќе од едно име на одгледувачница. Сепак, одгледувачот може да има едно име за одгледувачница за различни раси. Ако одгледувачот сака да одгледува една од расите за која веќе има име за одгледувачница во ко-сопственост, тој мора да регистрира ново име на одгледувачница кај одгледувачот кој е ко-сопственик.

г) Доделено име на одгледувачница е лично и доживотно, сѐ додека одгледувачницата функционира или не се пренесе на друг сопственик со договор заверен на нотар од обете договорни страни.

д) Отстапување на име на одгледувачница на наследници на одгледувач кој го заштитил името на одгледувачницата може да го одобри само КСМ со доказ за наследно право.

ѓ) Исто така, може да се заштити име на одгледувачница и на повеќе од еден сопственик, со договор за правата и обврските на сопствениците заверен на нотар.

е) КСМ доделува право за регистрација на име на одгледувачница откако ќе воспостави соодветен контакт со ФЦИ во чија надлежност е меѓународно да го заштити името на одгледувачницата.

ж) Предлог за заштита на име на одгледувачница треба да се поднесе на формулар предвиден од страна на КСМ. Предлогот мора да содржи најмалку 3 (три) различни предлог имиња.

з) Сопственик на заштитено име на одгледувачница е должен да го почитува Правилникот за одгледување и регистрација на расни кучиња, како и сите останати одгледни правилници на кинолошките друштва и клубови кои добиле согласност од Стручниот совет на КСМ, а сите расни кучиња кои ги одгледал или стекнал во своја сопственост, без исклучок мора да ги впише во Македонската родовна книга. Името на одгледувачницата може да се користи само кај мали кучиња чии родовници се издадени по регистрација на името на одгледувачницата.

ѕ) Заштитено име на одгледувачница на сопственик кој не ги почитува одредбите од овој Правилник ќе биде избришано од евиденција на ФЦИ на барање на КСМ, по конечна одлука на ИО.

**Член 5. Правила на одгледување**

1. **Основни правила**

а) Дозволено е да се одгледуваат само наследно здрави и чистокрвни расни кучиња, со стабилен карактер, кои се впишани во ФЦИ призната родовна книга или регистар, и кои ги исполнуваат условите утврдени во надлежните земји членки.

б) Чистокрвното куче е наследно здраво ако ги пренесува одликите од стандардот на расата и карактерот типичен за расата, без наследни мани кои би можеле да му наштетат на здравјето на неговото потомство. Притоа, постои обврска да се спречува претерување на некои одлики на расата кои штетат на здравјето на кучињата.

в) Не се дозволени кучиња за одгледување со недостатоци кои докажано се пренесуваат во одгледувањето, како на пример, карактер кој не е во согласност со стандардот на расата, вродена глувост или слепост, расцепено непце, грешки во забалото и аномалии на вилицата, епилепсија, крипторхизам, монорхизам, албинизам, грешна боја, како и утврдена тешка дисплазија и церебрална атаксија.

г) Одгледувањето и развојот на расите на кучиња треба да се основа на долгорочни цели и солидни основи за да во одгледувањето не се добијат болни кучиња, кучиња со слаб темперамент и кучиња без работни способности.

д) Цел на одгледувањето мора да биде зачувување и, доколку е можно, проширување на генетската различност на расата.

ѓ) Задача на секој одгледувач е да провери дали кучето предвидено за одгледување, според своите психички и физички својства, одговара за одгледување.
Со цел зачувување и подобрување на здравјето на кучињата и утврдување на нивното потекло, се препорачува сите сопственици и одгледувачи да направат снимање на колкови (HD), лакти (ED), тестови за проверка на срце, очи и слух, тестови за проверка на церебрална атаксија (NCL-A), како и да се земе примерок на крв за утврдување ДНК.

Во случај да се утврдат неточни податоци за потеклото на леглото на основ на ДНК анализа и кај една единка од леглото, истата ќе се избрише од Македонската родовна книга.

## 2. Одгледување во сродство

Одгледување во сродство е дозволено само кога се однесува на легло во кое кај малите кучиња би се појавувале заеднички предци до комбинација 2-3 (дедовци и прадедовци).
За парење на единки во поблиско сродство, потребно е да се достави барање до Стручниот совет на КСМ. Барањето за парење во сродство поблиско од 2-3 се поднесува до Стручниот совет на КСМ пред парење на единките. Одобрувањето на парење во сродство се приложува со пријава за легло.

## 3. Женки за расплод

а) Женки за одгледување може да се користат доколку поседуваат признат и нострифициран родовник од ФЦИ и доколку се оценети најмалку со оценка добар. За расите за кои со посебна одлука од Стручен совет е одлучено да поседуваат потребни испити, здравствени тестови и слично, задолжителен е потребниот сертификат.

б) Женката смее да има едно легло во период од една година, со исклучок со одобрение на СС.

в) Период за парење на женките е од нивни 15 месеци до 8 (осум) години. Се препорачува женките да се парат после 18 месеци старост.

г) Не се препорачува понатамошен расплод на женките после два царски реза поради нивна здравствена заштита.

д) Една женка смее да одгледа онолку мали колку што и дозволува нејзината кондиција. Доколку има повеќе мали, треба да се обезбеди заменска мајка или да ѝ се овозможи дополнителна нега.

ѓ) Сопственикот на женката е должен да овозможи идентификација на женката на сопственикот на мажјакот пред парење. Идентификацијата е задолжителна, а се врши на основа на микрочип.

е) За скучни женки увезени од странство се применуваат истите правила за одгледување.

## 4. Мажјаци за расплод

а) Мажјаци за расплод може да се користат доколку поседуваат признат и нострифициран родовник од ФЦИ и доколку се оценети најмалку со оценка добар.

б) За расите за кои со посебна одлука од Стручен совет е одлучено да поседуваат потребни испити, здравствени тестови и слично, задолжително е да го поседуваат потребниот сертификат.
в) Сопственик на мажјак смее да го спари само со женки кои ги задоволуваат правилата од овој Правилник за одгледување.

г) Најстрого се забранува спарување мажјаци со женки без родовник, со непризнат родовник или со забрана за одгледување.

д) Сопственик на мажјак е должен да овозможи идентификација на мажјакот на сопственикот на женката пред парење. Идентификацијата е задолжителна, а се врши на основа на микрочип.

ѓ) Мажјак за расплод може да се користи сè додека е во приплодна кондиција.

**Член 6. Парење–договарање**

а) Сопственикот на женката бира мажјак за парење. Сопственикот на мажјакот може без образложение да го одбие сопственикот на женката за парењето.

б) Во врска своите права и обврски, сопствениците на мажјакот и женката мора да направат писмен договор во согласност со позитивните закони во Република Македонија, меѓународниот правилник за одгледување на ФЦИ, одредбите од овој Правилник, како и од дополнителни правилници на кинолошки клубови одобрени од Стручниот совет на КСМ. При договорот за парење се препорачува:

- размена на фотокопиии од родовниците на кучињата кои ќе се парат со цел да се провери дали тие се впишани во Македонската родовна книга (МРК) или дали се впишани во некоја друга родовна книга призната од ФЦИ, во случај кога мажјакот или женката се од странство.
- задолжителна размена на фотокопии од оценските листи на кучињата или од огледните дозволи пропишани за одгледување.

в) На сопствениците на женките им се препорачува женките лично да ги однесат кај мажјакот или тоа да го направи некоја личност од доверба. Доколку женката остане повеќе денови кај сопственикот на мажјакот, сите настанати трошоци за женката ги покрива нејзиниот сопственик како што се хранење, сместување, можна ветеринарна нега, како и можни штети на опремата во одгледувачницата кои може да ги направи женката. Исто така, сопственикот на женката ги покрива повратните патни трошоци.

г) Кога женката ќе остане кај сопственикот на мажјакот еден или повеќе денови, тогаш тој е одговорен за можните штети кон трети лица кои ќе ги направи женката.

д) Во случај на смрт на женката за време на нејзиниот престој кај сопственикот на мажјакот, тој на негов трошок повикува ветеринар како би ја потврдил смртта и причините за смртта. На најбрз можен начин го известува сопственикот на женката за

смрта и причините за смртта. Доколку сопственикот сака да ја види мртвата женка, тоа мора да му се овозможи. Доколку смртта настанала по вина на сопственикот на мажјакот, тој е должен да го обесштети сопственикот на женката.

Ако вината не е негова, сопственикот на женката треба да ги покрие сите трошоци настанати со смртта на женката.

ѓ) Сопственикот на мажјакот се обврзува дека женката нема да ја спари со друг мажјак. Доколку мажјакот не ја спари женката, само со согласност од сопственикот на женката таа може да се спари со друг мажјак.

е) Доколку дојде до ненамерно парење на женката со друг мажјак додека таа престојува кај сопственикот на мажјакот, тој е должен да го извести сопственикот на женката и да му ги надомести сите трошоци кои настанале со погрешното парење.

После ненамерното непланирано парење со непредвидениот мажјак, повеќе не е дозволено парење со предвидениот и претходно договорен мажјак. Сопственикот на мажјакот после вакво парење не може да му поставува никакви барања на сопственикот на женката.

ж) Сопственикот на мажјакот го потврдува правилно спроведеното парење со издавање на формулар–потврда за парење. Со својот потпис на формуларот потврдува дека бил директен сведок на самото парење. Формуларот–потврда за парење го пропишува КСМ, а истиот задолжително ги содржи следниве податоци:

- име и регистарски број на мажјакот;
- име и регистарски број на женката;
- име, презиме и адреса на сопственикот на мажјакот;
- име, презиме и адреса на сопственикот на женката;
- место и датум на парење;
- потпис на двајцата сопственици.

з) Потврдата за парење се составува во два идентични примерока од кои едниот примерок го задржува сопственикот на мажјакот до конечното подмирување на договорените обврски со сопственикот на женката, додека вториот примерок го задржува сопственикот на женката. При пријавување на леглото, обата примерока задолжително се приложуваат со документот Пријава на легло.

ѕ) Ако договорениот мажјак од која било причина не успее да ја спари женката, сопственикот на мажјакот го губи правото на надомест кое претходно било договорено со сопственикот на женката.

и) Покрај договорениот надомест за парење, сопственикот на мажјакот не може да му поставува дополнителни услови на сопственикот на женката. Договорите за надомест за парење треба да се однапред прецизно договорени помеѓу двете страни. Писмено да се утврди пред парењето доколку како надомест за парење е договорено преземање на едно или повеќе кученца од леглото. Во таквиот договор задолжително треба да се предвидат следниве работи:

- моментот на избор на кученце од страна на сопственикот на мажјакот;
- моментот на преземање на кученцето од страна на сопственикот на мажјакот;
- моментот кога правото на избор на сопственикот на мажјакот неотповикливо престанува;
- моментот кога правото на преземање неотповикливо престанува;
- регулирање на трошоците за превоз;
- посебен договор во случај женката да окучи само мртви кучиња, да окучи само едно живо кученце или ако избраното кученце угине пред да се преземе.

ј) Со самиот чин на успешно парење услугата на мажјакот се смета за завршена и со тоа се исполнети условите за надомест за парење. Тоа не вклучува гаранција за гравидитет на женката. Право на сопственикот на мажјакот е дали ќе дозволи едно парање без надомест во следниот циклус на женката доколку таа останала неоплодена. Договори од овој тип треба писмено да се дефинирани помеѓу двете договорни страни.

Договореното право на парење без надомест престанува со смрт на мажјакот или со промена на сопственост на мажјакот, како и со смрт на женката.

Доколку може да се докаже (со испитување на спермата) дека мажјакот во периодот на парење бил неплоден, на сопственикот на женката треба да му се врати надоместот за парење.

к) При вештачко осеменување на женките, докторот по ветеринарна медицина кој зел сперма од мажјакот мора писмено да потврди дека свежата, разладената или длабоко смрзнатата сперма потекнува од договорениот мажјак. Во потврдата мора да биде наведено времето и местото на земање на спермата, расата, името на кучето, бројот на родовникот, бројот на микрочипот, името и презимето на сопственикот на мажјакот, како и своерачен потпис. Сите трошоци за земање на спермата одат на терет на сопственикот на женката, доколку однапред не е спротивно договорено. За сперма земена во Република Македонија треба да се пополни посебен образец во три примероци од кои еден се доставува до КСМ, еден останува кај докторот по ветеринарна медицина кој ја земал спермата, а еден се дава на сопственикот на мажјакот од кој е земена спермата.

За сперма земена надвор од Република Македонија се користат обрасци од Националниот кинолошки сојуз или од ветеринарна установа.

Трошоците за осеменување ги сноси сопственикот на женката, доколку не е спротивно договорено.

Докторот по ветеринарна медицина кој ја осеменува женката мора писмено да потврди дека женката е осеменета со сперма од мажјакот кој бил предвиден за парење. Во потврдата мора да се наведе времето и местото на осеменување, расата, името на женката, бројот на родовникот на женката, бројот на микрочипот на женката, како и името и адресата на сопственикот на женката. Потребни се четири примероци од потврдата, еден за сопственикот на женката, еден за сопственикот на мажјакот, еден за докторот по ветеринарна медицина кој го направил вештачкото осеменување, а еден примерок треба да се приложи до КСМ заедно со пријавата за легло.

За да се избегнат подоцнежни несогласувања при вештачкото осеменување, се препорачува сопственикот на мажјакот и сопственикот на женката да направат писмен договор каде ќе ги регулираат сите дополнителни работи.
л) Парење на женка со двјца или повеќе мажјаци е дозволено. При достава на документи за пријава на легло, задолжително треба да се достават и ДНА профили од мажјаците, женката, како и нивното потомство.

**Член 7. Општи услови за регистрација**

а) Во Родовната книга на КСМ како чистокрвни расни кучиња може да се регистрираат кученца од легло доколку сопственикот на женката има регулирана дозвола за престој во Република Македонија.

б) Секој одгледувач на расни кучиња има обврска своите одгледани кученца да ги впише во Родовната книга на КСМ, истото важи и за сите останати сопственици на расни кучиња во Република Македонија.

в) Лица кои не се членови на кинолошки друштва или клубови членки на КСМ не може да ги регистрираат своите расни кучиња во Родовната книга на КСМ.

г) Во Родовната книга на КСМ не може да се регистрираат легла кои не се родени на територијата на Република Македонија, без претходна дозвола од Стручниот совет на КСМ.

д) Потомци на чистокрвни кучиња од иста раса кои поседуваат родовник признат од ФЦИ се чистокрвни расни кучиња и имаат право на родовник признат од ФЦИ, во согласност со овој Правилник.

**Член 8. Македонска родовна книга**

Секое расно куче впишано во Родовната книга на КСМ добива соодветен број кој започнува со 50 000, како и кратенка која ја означува неговата раса.
Доделувањето на број на регистрација е задача на водителот на Родовната книга на КСМ.
Бројот на регистрација под кој е впишано кучето во Родовната книга е составен и неделив дел на неговото име и мора секогаш да биде наведен кога се наведува неговото име.

**Член 9. Поднесување Пријава на легло**

Поднесување Пријава на легло за регистрација во Родовната книга е во надлежност на кинолошките друштва и клубовите. Поднесената пријава е уредно заверена и потпишана од овластено лице на кинолошките друштва и клубовите, а увидот задолжително мора да е извршен од кинолошки судија.

а) Сопственик на легло е должен Пријавата на легло уредно да ја пополни на претходно утврден образец од КСМ и да ја предаде во КД или КК, каде што е член, заедно со следнава потребна документација:

- родовник од женката,
- родовник од мажјакот со кој е парена женката,
- оценски листи од родителите,
- потврди за освоени наслови, титули, сертификати, итн.,
- потврди од здравствени тестови,
- потврда за парење (2 примерока),
- потврда за увид на легло.

Пријавата на легло може да се направи најрано 6 (шест) недели после кучењето на женката.

Пријавата на легло се поднесува до кинолошкото здружение каде одгледувачот е член. После проверка на впишаните податоци од страна на овластено лице во кинолошкото здружение, истата се проследува до КСМ.

б) Со пополнување и поднесување на обрасците за Пријава на легло, сопственикот на леглото се обврзува на вистинитост на поднесените податоци.

в) Постапката за поднесување на Пријава на легло и потребната документација за истата за одредени раси или Расови клубови може да биде изменета по одлука на Стручниот Совет на КСМ.

**Член 10. Мажјак за парење од странство**

Ако женка која живее на територија на Република Македонија е парена во странство, леглото ќе биде впишано во Родовната книга на КСМ само доколку странскиот мажјак со кој таа е спарена е впишан во една од родовните книги признати од ФЦИ и доколку смее да се користи во одгледување според правилата на земјата во која легално престојува неговиот сопственик, под услов да ги исполнува старосните и здравствените одреби од овој Правилник. Сопственикот на мажјакот ја потпишува потврдата за парење на образец на КСМ или на образец од неговата земја.

**Член 11. Име на чистокрвно куче**

Имињата на сите кучиња од едно легло мора да имаат иста почетна буква. Името на одгледувачницата е составен и неделив дел на кучето одгледано кај еден одгледувач и секогаш мора целосно да се наведува покрај името на кучето.

Доколку одгледувачот нема регистрирано име на одгледувачница, имињата на кучињата мора да се состојат од еден збор.

**Член 12. Нострификација**

а) Во Родовната книга на КСМ ќе се впишуваат поединечни кучиња (поединечна регистрација) само ако е докажано нивното чистокрвно потекло со важечки извод од родовна книга на земја членка призната од ФЦИ. При нострификација на родовник, потребно е да се поднесе оригиналниот експорт родовник или родовник од земји каде што не се издаваат експортни родовници.

Единката чиј експортен родовник или родовник е предмет на нострификација задолжително треба да има микрочип, во спротивно родовникот нема да биде нострифициран.

б) На оригиналниот експортен родовник или родовник ќе биде впишан бројот и кратенката на Родовната книга на КСМ и по извршената регистрација истиот ќе може да се користи.

в) Кучињата кои се увезени од странство а немаат целосни 3 (три) генерации во родовникот, како и непризнаените раси, се впишуваат во МУРК.

**Член 13. Родовник–исправа за потекло**

а) Секое куче одгледано во Република Македонија и впишано во Родовната книга на КСМ добива службен доказ за потеклото-Родовник на КСМ. Родовникот мора да ги има логоата на Меѓународната кинолошка федерација (ФЦИ) и на Кинолошкиот сојуз на Македонија (КСМ).

б) На самиот родовник мора да има колони за упис на најмалку три генерации предци на впишаното куче.

в) Родовникот на КСМ е важечки само откако ќе биде потпишан од водителот на Родовната книга на КСМ и заверен со печат на КСМ.

г) Со родовникот располага сопственикот на кучето и тој задолжително треба да биде впишан како сопственик во полето предвидено за тоа, како и заверено со печат на КД или КК каде што е член.

д) Доколку постојат дополнителни услови договорени помеѓу одгледувачот и новиот сопственик на кучето, потребно е да бидат прецизирани со договор заверен на нотар и еден примерок да се достави до кинолошкото друштво или клуб.

ѓ) При издавање на родовници за кучиња од легла, во делот за предци може да се впишат само потврдените наслови на основ на кандидатури, како во убавина така и во работа, но никако и кандидатурите за наслови во убавина и работа. Исклучок се пласманите и кандидатурите за наслови пропишани од ФЦИ, како светски или секциски наслови и пласмани од значајни специјализирани изложби за таа раса, по одлука на Стручниот совет на КСМ.

Во родовниците се впишуваат и предвидените сертификати од здравствените тестови.

е) Родовникот, како една целина со кучето, мора да биде предаден заедно со кучето при секоја промена на сопственост, а истата ќе биде потврдена со впишување на новиот сопственик во родовникот и заверена со печат од КД или КК, каде што членува новиот сопственик.

ж) Изгубен или оштетен родовник, дупликат или препис издава исклучиво КСМ, по претходно поднесен формулар (барање) за издавање на дупликат родовник и со уплата на предвиден надомест според ценовник на КСМ.

Со издавање на дупликат родовник, оригиналниот родовник станува неважечки.

з) Доколку се води дисциплинска постапка против одгледувач или сопственик на куче, не може да се врши пренос на сопственост на друго лице се до завршување на постапката и носење Одлука во корист на одгледувачот / сопственикот.
Доколку Дисциплинскиот суд изрече дисциплинска мерка против одгледувачот / сопственикот, преносот на сопственост нема да може да се изврши се додека трае санкцијата.

**Член 14. Тарифи**

а) За водење на Македонската родовна книга и за издавање исправи на КСМ му припаѓа надомест кој го одредува Извршниот одбор на КСМ.

б) КСМ ги наплаќа тарифите од одгледувачите, а за поединечните регистрации преку кинолошките здруженија каде што одгледувачот или поединецот е член.

**Член 15. Посебни одредби**

Одредбите од овој не важат Правилник за кучињата кои се во сопственост на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана. Наведените институции леглата ги пријавуваат директно во КСМ.

**Член 16. Санкции**

Повредите на одредбите од овој Правилник ќе се казнуваат според Правилникот за дисциплинска постапка на КСМ.

**Член 17. Спорови и завршни одредби**

а) Основниот суд е надлежен за материјални спорови меѓу членовите.

б) Кинолошките клубови на кои КСМ им доверил одгледување на поедини раси, должни се своите прописи и правилници да ги ускладат со Правилникот на КСМ.

в) Измени и дополнувања на Правилникот за одгледување може да предлагаат кинолошките друштва и клубови членки на КСМ, а ги потврдува и усвојува Стручен совет.

г) Правилниците за одгледување на националните расни клубови ќе се применуваат откако ќе бидат одобрени од страна на СС на КСМ.

**Член 18. Стапување на сила**

Овој Правилник стапува на сила на денот на донесување.

## II. Правилник за манифестации на Кинолошкиот сојуз на Македонија

**Член 1.**

Со овој Правилник се регулираат сите манифестации кои ги организира и спроведува Кинолошкиот сојуз на Р. Македонија. Со него се регулираат сите манифестации кои се под заштита на КСМ, како и сите манифестации под заштита на ФЦИ и КСМ.

**Член 2.**

Манифестациите на КСМ може да бидат:

- изложби за оценување на облик на кучиња,
- работни натпревари за оценување на работа на кучиња, и
- сите останати манифестации пропишани и одобрени од ФЦИ.

**Член 3.**

Изложбите за оценување на облик на кучиња се организираат и одржуваат во согласност со Правилникот за изложби на КСМ.

**Член 4.**

Манифестациите за оценување на работа на кучиња се делат на:

- манифестации за работна ловна кинологија, и
- манифестации за работна спортска кинологија.

**Член 5.**

Манифестациите за работна ловна кинологија се организираат и одржуваат во согласност со Правилникот за манифестации за работна ловна кинологија.

**Член 6.**

Манифестациите за работна спортска кинологија се организираат и одржуваат во согласност со Правилникот за манифестации за работна спортска кинологија.

**Член 7.**

Сите правилници на КСМ се усогласени со позитивните правилници на ФЦИ, а тоа посебно се однесува за организација на манифестации под заштита на КСМ и ФЦИ.

A. Правилник за изложби на КСМ

**Член 8. Основно**

Правилникот за изложби на КСМ важи на целата територија на Република Македонија и е задолжителен за сите кинолошки здруженија (КД и КК) членки на КСМ, како и за сите нивни членови.

Правилникот се придржува до сите важечки правила и прописи на Меѓународната кинолошка федерација (ФЦИ).

**Член 9. Видови изложби**

Изложбите може да бидат меѓународни (интернационални) и државни (национални) за сите раси кучиња, специјализирани изложби за една или повеќе раси, како и ревии:

- меѓународните изложби се под заштита на ФЦИ. На нив може да се доделуваат кандидатури за меѓународен првак во убавина Certificat d'Aptitude au Championnat International de Beaute de la FCI (CACIB);
- државните изложби се под заштите на КСМ. На нив може да се доделуваат кандидатури за првак на Македонија во убавина Certificat d'Aptitude au Championnat (CAC MK);
- специјализираните изложби се под заштита на КСМ. На нив може да се доделуваат кандидатури за првак на Македонија во убавина (CAC MK), како и други почесни титули предвидени и одобрени од СС на КСМ. Специјализираните изложби може да се организираат како самостојни изложби или како дел од државни или меѓународни изложби; и
- ревиите се изложби под заштита на КСМ. На овие изложби се врши само оценување и рангирање на пријавените кучиња.

Меѓународни изложби на кучиња организира КСМ. Стручниот совет на КСМ може да одобри организација на меѓународни изложби и на други кинолошки друштва. Обврска на СС на КСМ е да пријави и добие дозвола од ФЦИ за организирање меѓународни изложби.

Државните и специјализираните изложби може да ги организираат КСМ, КД или КК, со претходна согласност од Стручниот совет на КСМ.

Ревиите може да ги организира КД, со претходна согласност од Стручниот совет на КСМ. Успешната организација на најмалку една ревија е услов да се добие организација на државна изложба.

За организирање меѓународни, државни, специјализирани изложби или ревии под заштита на КСМ може да конкурираат оние членки на КСМ кои ги исполнуваат пропишаните стручни и технички критериуми за организирање изложби. Критериумите ги одредува Стручниот совет на КСМ.

**Член 10. Барања и одобрувања**

а) Членките на КСМ кои планираат да организираат изложби мора да поднесат писмено барање до СС на КСМ за следната календарска година, во рок предвиден од СС на КСМ. По

разгледување на барањата, СС на КСМ носи одлука во врска одржување на бараните изложби за што писмено ги известува сите членки кои поднеле барање за организирање изложба.

Изложбите обично се именуваат по местото во кое ќе се одржува самата изложба, со напомена за типот на изложбата и годината на нејзино одржување (пример: *Меѓународна изложба CACIB Skopje 2010*; *Национална изложба CAC Skopje 2015*).

Пријавата за изложбата мора да содржи податоци за организаторот на изложбата, рокови за пријавување, дневен распоред за судење, судии, распоред на раси по судии, класи, кандидатури, како и наслови кои ќе се доделуваат на изложбата. Исто така, на пријавите и најавите за изложбата јасно треба да биде наведено дека изложбата е одобрена и под заштита на КСМ, а за меѓународните изложби и од ФЦИ.

б) Барателот за организирање меѓународна изложба со доделување на кандидатура CACIB во барањето поднесено до СС на КСМ треба да го наведе и следново:

- место и време на одржување на изложбата;
- висина на износот на пријавата за изложбата;
- име и контакт од стручното лице задолжено за организација на изложбата;
- изјава за обврска за плаќање на сите предвидени надоместоци кон КСМ и ФЦИ, според важечкиот ценовник;
- предвидени хотели и пренокишта кои дозволуваат сместување кучиња во собите;
- изјава со која се обврзуваат дека по завршување на изложбата до канцеларијата на КСМ ќе достават 5 (пет) каталози од изложбата, од кои 2 (два) ќе мора да бидат пополнети со доделените оценки, наслови, предлози за кандидатури CACIB, Reserve CACIB, CAC MK и Reserve CAC MK во рок од 14 денови по завршување на изложбата.

в) Барателот за организирање државна изложба, со доделување на кандидатура CAC MK, во барањето поднесено до СС на КСМ треба да го наведе и следново:

- место и време на одржување на изложбата;
- висина на износот на пријавата за изложбата;
- име и контакт од стручното лице задолжено за организацијата;
- изјава за обврска за плаќање на сите предвидени надоместоци кон КСМ, според важечкиот ценовник;
- изјава со која се обврзуваат дека по завршување на изложбата, до канцеларијата на КСМ ќе достават 5 (пет) каталози од изложбата, од кои 2 (два) ќе мора да бидат пополнети со доделените оценки, наслови, предлози за кандидатури CAC MK и Reserve CAC MK во рок од 14 денови по завршување на изложбата.

г) Во барањето поднесено до СС на КСМ барателот за организирање специјализирани изложби треба да го наведе и следново:

- место и време на одржување на изложбата;
- висина на износот на пријавата за изложбата;
- тип на изложба и предвидени кандидатури кои би се доделувале;

- име и контакт од стручното лице задолжено за организацијата;
- изјава за обврска за плаќање на сите предвидени надоместоци кон КСМ, според важечкиот ценовник;
- изјава со која се обврзуваат дека по завршување на изложбата до канцеларијата на КСМ ќе достават 5 (пет) каталози од изложбата, од кои 2 (два) ќе мора да бидат пополнети со доделените оценки, наслови, предлози за кандидатури САС МК и Reserve САС МК во рок од 14 денови по завршување на изложбата.

д) Во барањето поднесено до СС на КСМ барателот за организирање ревија треба да го наведе и следново:

- место и време на одржување на ревијата;
- висина на износот на пријавата за ревијата;
- име и контакт од стручно лице задолжено за организацијата;
- изјава за обврска за плаќање на сите предвидени надоместоци кон КСМ, според важечкиот ценовник;
- изјава со која се обврзуваат дека по завршување на ревијата до канцеларијата на КСМ ќе достават 3 (три) каталози од ревијата, од кои еден мора да биде пополнет со доделените оценки и рангирања во рок од 14 денови по завршување на ревијата.

**Член 11. Заштита на датуми на одржување**

Датумите на одржување на меѓународните, државните, специјализираните изложби и ревиите ги штити КСМ, доколку истите се веќе потврдени и доделени од СС на КСМ.

**Член 12. Право на учество на изложби**

а) На меѓународните изложби под заштита на ФЦИ се натпреваруваат кучиња од раси опфатени со номенклатурата на признати раси на ФЦИ чии стандарди се потврдени и прифатени од ФЦИ. На меѓународните изложби може да се натпреваруваат и кучиња од расите кои ги признава КСМ, но само одвоено и доколку не учествуваат во доделување на кандидатурите кои ги предвидува ФЦИ.

б) На сите останати изложби под заштита на КСМ во натпреварувањето учествуваат кучиња од раси опфатени со номенклатурата на признати раси на ФЦИ чии стандарди се потврдени и прифатени од ФЦИ, како и кучиња од расите кои ги признава КСМ.

в) За сите изложби под заштита на КСМ задолжителна е поделба на расите според важечката поделба на раси по ФЦИ-групи и тоа:

- ФЦИ група-овчарски кучиња и терачи на стока;
- ФЦИ група-пинчери и шнауцери, молоси и швајцарски овчарски кучиња;
- ФЦИ група-териери;
- ФЦИ група-јазовичари;
- ФЦИ група-шпицови и примитивни типови кучиња;

- ФЦИ група-гоничи и слични раси;
- ФЦИ група-птичари;
- ФЦИ група-ретривери, душкачи и кучиња за вода;
- ФЦИ група-кучиња за придружба; и
- ФЦИ група-р'тови.

г) За меѓународните изложби организаторот е должен да ги прифати пријавите за учество и истите да ги внесе во каталог само за оние раси чиј стандард е прифатен и признат од ФЦИ и кои се внесени во родовните книги на земјите членки на ФЦИ, како и на земјите кои не се членки меѓутоа имаат партнерски договор со ФЦИ.

д) За кучиња на сопственици со регулиран престој во Република Македонија да учествуваат на изложбите кои се под заштита на КСМ и ФЦИ, задолжително е истите да се впишани во Родовната книга на КСМ. За кучиња одгледани во странство и за кои постапката за упис во Родовната книга е во тек, доделените оценки и кандидатури од изложбите ќе бидат важечки само откако ќе заврши постапката за упис во Родовната книга.

ѓ) Кучињата кои се одгледани во странство и имаат сопственик од странство може да учествуваат на изложбите под заштита на КСМ и ФЦИ само доколку се впишани во една од родовните книги на земји признати од ФЦИ и доколку се пријавени под бројот на тие родовни книги.

е) Ако на изложбите е оценето куче кое не ги исполнува условите од одредбите од овој Правилник, таа оценка или кандидатура ќе се смета за неважечка.

ж) На изложбите кои се под заштита на КСМ не може да учествуваат кучиња:
- кои не се впишани во родовна книга призната од ФЦИ;
- кои не се пријавени за изложбата;
- кои не се впишани во каталогот за изложбата;
- кои се заболени од заразни болести, на кои се извршени недозволени промени за прикривање на одредени мани, кастрирани кучиња, кучиња без еден или два тестиса, женки во еструс, женки во гравидитет;
- на чии сопственици веќе е изречена дисциплинска мерка забрана за учество на изложби или ако таа мерка е изречена од некоја национална кинолошка организација членка на ФЦИ, или пак ако таа забрана е изречена од ФЦИ;
- без ветеринарна потврда за здравствена состојба, извршени вакцинации и микрочип со соодветен број од земјата каде истиот е поставен.

**Член 13. Поднесување пријава за изложба и податоци во пријавата**

а) Пријавата за изложба мора да биде читливо пополнета, со приложена копија од доказ за потекло (родовник) на кучето, доказ за уплатена котизација, како и можни дополнителни документи. Тие мора да бидат испратени до организаторот исклучиво во предвидениот рок за пријавување, а организаторот нема обврска за поврат на трошоци доколку кучето не

биде изведено на изложба за оценување. Пријавата мора да биде потпишана од подносителот на пријавата или од негов полномошник.

б) Со испраќање на пријавата подносителот (излагачот) се обврзува на плаќање на пријавата за учество и безусловно прифаќање на изложбениот ред.

в) Организаторот може да одбие пријава за изложба со поврат на уплатените средства за учество за што треба навремено писмено да ја образложи својата одлука на излагачот.

г) Задоцнетите пријави кои не може да влезат во каталогот за изложбата се безпредметни.

д) Во принцип, пријавите се плаќаат до последниот рок за пријавување на изложбата. Организаторот може да дозволи плаќање и на денот на изложбата, пред да започне оценувањето во рингови. КСМ не презема материјална одговорност за трошоци на организаторот кои настанале како резултат на неплатени пријави.

ѓ) Сите податоци во пријавата за изложба мора да бидат вистинити и пријавата мора да биде точно пополнета. Тој што свесно дава погрешни податоци ги губи оценките и можните кандидатури на изложбата и врши прекршок подлежен на казна согласно правилниците на КСМ.

е) Под име на куче го впишува името на кучето од родовникот. Во пријавата може да се наведат само оние наслови кои се конечно доделени и признати (меѓународен и државен шампион во убавина и/или работа, наслови од светски изложби и секции).

**Член 14. Прифаќање на пријава**

а) Пријавите се сметаат за прифатени откако организаторот ќе ја потврди примената пријава за изложба.

б) Организаторот во потврдата треба да го извести сопственикот на кучето за денот, местото и времето кога кучето треба да се донесе на изложба.

в) Доколку излагачот не добие потврда за примена пријава за изложба, должен е да провери дали неговата пријава е примена. Излагачот не е ослободен од плаќање на пријавата доколку не добие потврда за примена пријава.

**Член 15. Кучиња пријавени вон конкуренција**

Кучињата може да бидат пријавени и вон конкуренција само доколку организаторот тоа го предвиди во пријавата. Тие кучиња не може да добијат кандидатури кои се предвидени за тој вид на изложба и во ринг добиваат оценка без кандидатури и пласман. Така оценетите кучиња може да се натпреваруваат само во одгледни групи и парови.

**Член 16. Држење, сигурност и одговорност на кучето на изложба**

а) Сопственикот на куче одговара за сите штети направени од неговото куче. Организаторот не одговара за можните штети на сопственикот на куче, ниту за кражба, бегство или загуба на куче.

б) Кучиња на изложба се доведуваат на одредениот ден и во предвиденото време, наведени во потврдата на пријава за изложба.

в) Под задолжителна опрема за кучиња се смета соодветен околувратник кој одговара на нивната големина и снага.

г) Агресивните кучиња во кругот предвиден од организаторот треба да се движат со соодветна корпа, а за секоја предизвикана штета одговара нивниот сопственикот.

д) Водич на куче во ринг задолжително носи каталошки број на кучето кој треба да е јасно видлив.

**Член 17. Судии**

а) Предвидениот судија за одредени раси е овластен да додели оценки, пласман и кандидатури. При тоа, обврзан е тоа да го прави без туѓа помош и без прашања од други. Како помош на судијата во ринг организаторот му доделува секретар, записничар и, доколку е потребно, и преведувач. Доколку судијата е странец може да побара споменатиот персонал во рингот да зборува еден од четирите признати ФЦИ јазици.

б) Судењето и оценувањето смее да го извршуваат само судии кои имаат одобрение од своите национални организации за одредените раси или ФЦИ групи. При тоа, тие се обврзани да судат исклучиво во согласност со важечките ФЦИ стандарди.

в) Судија може да суди во странство само доколку добие писмена согласност од својата национална кинолошка организација за судење на одредени раси или групи, како и избор во завршниот почесен ринг на изложбата.

г) Судии од земји кои не се членки на ФЦИ може да судат на ФЦИ изложби доколку нивната национална кинолошка организација има договор со ФЦИ или пак со индивидуална спогодба. Тие судии може да судат на ФЦИ изложби само доколку се наоѓаат на службена судиска листа во својата национална кинолошка организација.

д) Во врска со судиите од земји кои не се членки на ФЦИ важи следново:

- судии кои доаѓаат од земји кои не се членки на ФЦИ, кога судат на ФЦИ изложби мора да пополнат ФЦИ прашалник и истиот да го вратат потпишан;
- кога КСМ или нејзина членка е организатор на изложба и имаат предвиден судија од земја која не е членка на ФЦИ, одговорни се за вистинитоста на пополнетиот ФЦИ прашалник;

- судии од земји кои не се членки на ФЦИ за време изложбите мора да се придржуваат до ФЦИ стандардите. Организаторот е должен да им ги испрати стандардите за расите предвидени за судење;
- судии од земји кои не се членки на ФЦИ и судии од придружните (асоцијативни) земји членки смее да ги судат само расите кои ги признаваат нивните национални кинолошки организации;
- судии од земји кои не се членки на ФЦИ мора да бидат однапред детално запознаени со правилата на ФЦИ, како и со правилата на националната кинолошка организација. КСМ или нејзина членка која е организатор на изложба се должни навремено да ги информираат судиите за сите правила.

**Член 18. Повикување судии**

а) Организатори на изложби мора писмено да поканат судија. Судијата исто така мора писмено да му одговори на организаторот во врска поканата. Своите судиски обврски мора секогаш да ги исполни, освен ако е спречен од оправдани причини.

б) Ако судијата од оправдани причини не може да ги исполни предвидените обврски, должен е навремено да го информира организаторот телефонски, преку електронска пошта, и сл. Откажувањето мора и писмено да го потврди.

в) Организатор на изложба е обврзан да го почитува во целост повикот на судиите и само во согласност со судијата или во случај на спреченост од виши сили може да го откаже повикот за судење.

г) Во случај кога организатор е присилен да откаже изложба, должен е да ги покрие сите настанати трошоци на судијата. Ако пак судијата самоволно одлучи да не ги исполни предвидените судиски обврски, ги презема и можните настанати трошоци. Затоа се препорачува судиите при резервација да направат дополнително осигурување во случај на откажување на патот.

д) Помеѓу организатор на изложбата и судија мора да се направи соодветен писмен договор кој ќе биде потпишан од обете страни.

**Член 19. Обврски на судија во врска изложување кучиња на изложба**

а) Судија не смее на денот на изложбата на која тој суди да пријави ниту едно куче во негова сопственост.

б) Судија не смее на денот на изложбата на која тој суди да води ниту едно куче. Партнер, членови на негово потесно семејство или лица со кои тој живее во заедничко домаќинство смее да водат кучиња на изложба на која тој суди, но не и во неговиот ринг.

в) Судија смее на изложби на кои тој не суди да води кучиња само доколку тој ги одгледува или е сопственик или косопственик.

г) Судија не смее да суди ниту едно куче кое било во негова сопственост или косопственост, кое тој го школувал, чувал или продал во последните 6 (шест) месеци пред изложбата на која тој суди. Истото важи и за кучиња кои припаѓаат на неговиот партнер или членови на неговото потесно семејство.

**Член 20. Обврски на организатор**

а) Лицата наведени во каталог како организатори на изложба не смее лично да водат ниту едно куче.

б) Судија мора навремено да биде известен во врска расите и бројот на кучиња кои тој треба да ги суди. Должност на организаторот е за тоа писмено да го извести судијата, како и за времето и местото на одржување на судискиот состанок.

в) Организаторот повикува судии на свој трошок за сите предвидени раси за судење.

г) Организаторот е должен навремено да го договори начинот на патување на судијата. На судијата му се надоместуваат сите договорени патни трошоци веднаш по пристигнувањето или однапред, доколку е така договорено.

д) Организаторот има обврска да обезбеди соодветно хотелско сместување, редовни оброци, како и минимална судиска дневница пропишана со Правилникот на ФЦИ.

ѓ) Правата на судија кој доаѓа на судење од странство се решаваат на следниов начин:

- според претходно направен договор, организаторот мора да ги сноси трошоците на судијата од моментот на неговото доаѓање во земјата до моментот на неговото заминување. Тоа обично вклучува и еден ден пред и еден ден по одржување на изложбата;
- надоместок за користење на авионски превоз може да се исплати ако оддалеченоста е поголема од 600км или ако патувањето со авион е поефтино од другите превозни средства;
- се препорачува финансиските и другите договори помеѓу судијата и организаторот на работната манифестација однапред писмено да се договорат. Обете страни мора да се придржуваат до договорот;
- судијата кој доаѓа од странство не смее да има помалку права од оние за судиите од земјата.

**Член 21. Обврски и права на судии на изложби-обврски на организатори во врска судење**

а) На судијата му е забранет увид во каталогот од изложбата сѐ додека истата не заврши. Организаторот не смее да му даде каталог на судијата пред изложбата.

б) Судија не смее да пуши во ринг.

в) Судија не смее да пие алкохол за времетраење на изложба.

г) На судија му е забрането да патува заедно со излагачи на кои тој ќе им суди на изложба. Во таа смисла, и организаторот не смее да овласти некој од излагачите да се грижи за судијата.

д) На судија му е забрането пред изложба да биде сместен кај излагачи на кои тој ќе им суди на изложбата. Истото важи и за приватни состаноци со излагачи.

ѓ) Судија не треба да оценува повеќе од 20 кучиња за 1 (еден) час или повеќе од 80 кучиња дневно.

е) Бројот на кучиња за оценување може да биде и поголем со претходен договор помеѓу организаторот и судијата. Доколку е предвидено да се оценат повеќе од 80 кучиња со поединечни пишани оценки, судијата мора да биде навремено известен и да се добие негова согласност.

ж) Исклучок е по добиена согласност од СС на КСМ на организаторот да му се одобри и оценување без опис. Во тој случај, вкупниот број кучиња не смее да биде **помалку од 150** на ден.

з) Со оглед на својата дејност, судија е авторитет во ринг. За организација е одговорен секретар на ринг, меѓутоа сите задолженија се одвиваат во согласност со судија.

ѕ) Малите раси на кучиња се оценуваат на маса која организаторот е должен да ја обезбеди во рингот.

и) Судија не смее да се распрашува и информира за потекло на куче или други податоци како сопственост или слично, туку мора да суди исклучиво по изгледот на кучето.

**Член 22. Постапка на номинирање судии и распределба на раси**

а) За сите судии кои судат на изложби, организаторот е обврзан да добие согласност од СС на КСМ, односно согласност од матичната кинолошка организација преку КСМ кога се работи за странски судија. Повиканите судии мора да бидат овластени да ги оценуваат расите кои им се доделени за судење.

За сите судии е потребна согласност од СС на КСМ.

б) Организатор треба да води сметка на секој судија поединечно да му бидат доделени онолку кучиња за оценување за да непречено може да ги оцени, а при тоа да не го наруши распоредот на изложбата. При тоа, горната граница е 80 кучиња по судија за изложбен ден. Ако бројот на пријавени кучиња за еден судија ја надминува горната граница, организаторот треба да ги распореди останатите кучиња над горната граница на други судии. За постапување различно од ова е надлежен СС на КСМ.

в) Сите судии кои се предвидени да судат на изложба мора да бидат наведени по име во пријавата и каталогот за изложбата, а исто така треба да бидат наведени и расите кои тие ќе ги судат.

г) Ако најавен судија не дојде на изложба или го откаже своето доаѓање, организаторот на изложбата мора да именува заменски судија, со претходна постапка како и за останатите судии. Кога тоа не е можно или до замена доаѓа на денот на изложбата, таа промена е можна само во согласност со делегатот од КСМ. Излагач нема право да инсистира неговото куче да биде оценето од најавен судија во пријава или каталог.

**Член 23. Распоред на класи и пријавување во класи**

а) Мажјаци и женки се оценуваат одвоено и се натпреваруваат за освојување кандидатури за национални и меѓународни шампиони во класи кои посебно за мажјаци и за женки.

б) На изложби, кучињата се делат и оценуваат во следниве класи:

- класа бебиња за кучиња од 3 до 6 месеци;
- класа најмлади за кучиња од 6 до 9 месеци;
- класа млади за кучиња од 9 до 18 месеци;
- класа интермедија за кучиња од 15 до 24 месеци;
- класа отворена за кучиња над 15 месеци;
- класа работни за кучиња над 15 месеци со признат положен испит;
- класа шампиони-во оваа класа може да се пријават кучиња кои имаат признат наслов Национален шампион во убавина од земја која е призната од ФЦИ или договорен партнер со ФЦИ, или пак Меѓународен шампион во убавина;
- класа ветерани за кучиња постари од 8 години;
- организатори на специјализирани изложби може да побараат од СС на КСМ воведување и на други возрасни класи, како и класа вон конкуренција.

**класа работни**

За пријавување во класа работни, заедно со пријавата треба да се приложи копија од формуларот кој го предвидува ФЦИ во кој е наведен видот на положениот работен испит. При тоа, треба да се има предвид дека за пријавување во оваа класа важечки е резултатот во согласност со ФЦИ правилата.

**класа шампиони**

Кучиња кои може да се натпреваруваат во оваа класа се:

- ФЦИ меѓународни шампиони во убавина;
- национални шампиони во убавина на земји членки на ФЦИ;
- национални шампиони во убавина на земји кои не се членки на ФЦИ, меѓутоа имаат договорно-партнерски однос.

За пријава во класа шампиони, титулата мора да биде потврдена до крајниот рок за пријавување. Заедно со пријавата како доказ, се приложува и фотокопија од потврдената титула.

Сите кучиња со освоена титула Шампион на МК во убавина, задолжително се впишуваат во оваа класа.

в) Класите бебиња, најмлади, млади, ветерани и вон конкуренција не учествуваат во натпреварувања за титули CACIB и CAC.

г) Не е дозволено едно куче истовремено да биде пријавено во повеќе од една класа, освен за посебни услови претходно одобрени од Стручниот совет.

Делегатот на КСМ е овластен да дозволи преместување во вистинска класа за оние кучиња кои се пријавени во погрешна класа. Преместување на кучиња е можно само кога кучето според возраст, тип на влакно, боја, пол, големина, недостаток на признат испит или други барани предуслови е впишано во погрешна класа, а посебно ако вината за впишување во погрешна класа е на организаторот. Забрането е преместување на кучиња по желба на сопственици доколку кучето ги исполнува условите за класата во која е пријавено. Ако по горенаведените услови кучето е преместено во друга класа, истото треба да се забележи на оценската листа.

д) Секој излагач е одговорен за навремено носење на своето куче. Во негов интерес е да провери дали кучето е пријавено во каталогот во правилната класа.

ѓ) Случаи во кои кучето не добива оценка:

- кучиња кои ќе задоцнат на оценување во нивната класа го губат правото на оценување. Доколку во класата во која е пријавено кучето сè уште не е извршено пласирање на кучињата, се остава можност на судијата да го оцени кучето;
- куче кое не дозволува да биде прегледано од судија останува без оценка, а судијата во оценската листа ја наведува причината и забележува „не може да се оцени“;
- за повлечено од оценување се смета она куче кое ќе биде изнесено од ринг пред да почне оценување. Во оценската листа судија впишува „повлечен од оценување“ без да се наведе причината;
- кога некој излагач ќе изврши промени на своето куче или ќе дозволи да бидат направени измени со цел да се измами судија, ќе биде исклучен од изложбата а можната добиена оценка, наслов или награда ќе бидат оспорени и поништени. Во сите овие случаи, излагачот нема право на поврат на средствата уплатени за учество на изложбата или други трошоци поврзани со изложбата.

**Член 24. Други поделби внатре во раса**

На сите изложби кучиња може да се делат во свои раси на варијетети според влакно, боја и големина согласно номенклатурата на ФЦИ, и тоа како што е предвидено за доделување кандидатури CACIB. Истата поделба се применува и за доделување национални кандидатури.

**Член 25. Оценка на облик и пласмани**

Оценувањето кучиња се изведува во согласност со важечките стандарди на ФЦИ.

а) Оценки по класи:

- во класите бебиња и најмлади на оценската листа после описот на кучето, пред која било друга оценка, се става една од забелешките: многу перспективен, перспективен, задоволува или не задоволува. Во овие класи оценетите кучиња се пласираат од 1 до 4.
- во останатите класи, без оглед на возраст и број на кучиња за оценување, се доделуваат одличен, многу добар, добар, доволен и недоволен. Во овие класи оценетите кучиња задолжително се пласираат од 1 до 4, доколку кучето е оценето најмалку со оценка многу добар.

б) Судиите го оценуваат обликот на кучиња според следниве дефиниции:

**одличен**-се доделува само на кучиња кои се многу блиску до идеалниот стандард на расата, доведени во одлична форма, хармонични и со избалансиран карактер, со првокласно и инзворедно држење. Малите неправилности се простуваат поради надмоќните својства, секако кучето мора да ги поседува типичните карактеристики на својот пол;

**многу добар**-се доделува на кучиња со типични карактеристики на расата, со избалансирани пропорции и во добра форма. Се простуваат мали, но не и морфолошки грешки;

**добар**-се доделува на кучиња кои ги поседуваат главните карактеристики на расата, меѓутоа имаат грешки, под претпоставка дека грешките не се прикриени;

**доволен**-се доделува на кучиња со доволни карактеристики на расата, но ги немаат општо препознатливите својства на расата или нивната телесна градба не задоволува;

**недоволен**-како оценка претставува дисквалификација и се доделува на кучиња кои не одговараат на пропишаниот стандард, имаат воочливо нестандардно држење или пак на агресивни кучиња, кучиња со грешки кај тестисите, значајни грешки кај забалото или со аномалии на вилицата, грешки во боите и влакното или кои покажуваат јасни знаци на албинизам. Таква оценка се доделува на кучиња кои покажуваат многу малку карактеристики на расата што може да го наруши и нивното здравје. Таа оценка се доделува и на кучиња кои според важечкиот стандард имаат исклучителна грешка;

**без оценка**-остануваат оние кучиња на кои не може да им се додели ниту една од горенаведените оценки. Како на пример, случај кога кучето не трча, постојано скока или сака да излезе од рингот па така не може да се оцени одот и движењето, ако кучето постојано го избегнува судијата, ако не може да му се прегледа забалото, телото, влакното, опашот или тестисите или пак ако на доведеното куче се забележат траги на обид или постапка на измама. Исто така, ова важи и ако судијата основано се

сомнева дека на кучето е извршен оперативен зафат со кој се прикрила првобитната состојба. Причината за квалификацијата без оценка судијата треба да ја наведе во оценската листа.

в) На изложбите под заштита на КСМ задолжително во секоја класа се пласираат најдобрите 4 (четири) оценети кучиња, доколку имаат добиено најмалку оценка многу добар.

**Член 26. Стекнување титули и кандидатури**

а) Доделување картици

За освоени кандидатури и резервни кандидатури за меѓународни, национални како и за прваци во класата млади, се доделуваат картици:

- J CAC
- J BOB
- CAC MK
- R.CAC MK
- BOB
- CACIB
- R.CACIB
- BOS

б) Титули и кандидатури

**Првак во класа млади**

Титулата првак во класа млади кучиња може да се додели само во класата млади на најдоброто куче кое е оценето со оценка одличен и тоа и на мажјак и на женка подеднакво. Доделување титула првак во класа млади не е задолжителна.

**Млад шампион на Македонија-J CH MK**

На барање на сопственикот, КСМ ќе ја признае титулата Млад шампион на Македонија- J CH MK ако:

- кучето освоило три кандидатури J CAC MK (македонски сопственици);
- кучето освоило две кандидатури J CAC MK (странски сопственици);
- кандидатурите се доделени од најмалку двајца различни судии;
- кучето има титула J CH на држава со која КСМ има взаемен договор, со освојување на 1 кандидатура J CAC има право да се стекне со J CH MK;
- кучето освоило една титула првак во класа млади, ова може да замени освоена кандидатура CAC MK ако ја стекнало пред старост од 18 месеци.

**CAC MK и R.CAC MK**

На меѓународните, националните, како и специјализираните изложби под заштита на КСМ, судија може да додели кандидатури за Шампион на Македонија во убавина-CAC MK на првопласираните одлично оценети мажјак или женка во следниве класи: интермедија, отворена, работни и шампиони.

Судијата може да додели резервна кандидатура R.CAC MK на второпласираните одлично оценети мажјак или женка во следниве класи: интермедија, отворена, работни и шампиони.

Потврдата на кандидатурите е во надлежност на КСМ, а се признава ако се исполнат следниве услови:

- кучето на денот на изложбата мора да биде старо најмалку 15 месеци, и
- мора да поседува доказ за своето потекло (родовник) издаден од кинолошка организација призната од ФЦИ.

Ако кучето на кое е доделена кандидатура CAC MK не ги исполнува горенаведениве услови, кандидатурата R.CAC MK се признава како CAC MK за прогласување Шампион на Македонија во убавина.

Ако кучето на кое е доделена кандидатура CAC MK веќе е прогласено за Шампион на Македонија во убавина, кандидатурата R.CAC MK се признава како кандидатура CAC MK за прогласување Шампион на Македонија во убавина. За прогласување Шампион на Македонија во убавина може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CAC MK.

**Шампион на Македонија-CH MK**

На барање на сопственикот, КСМ ќе го признае насловот Шампион на Македонија (CH MK) ако:

- кучето освоило три кандидатури CAC MK (македонски сопственици);
- кучето освоило две кандидатури CAC MK (странски сопственици);
- кандидатурите се доделени од најмалку двајца различни судии;
- кучето има титула CH на држава со која КСМ има взаемен договор, а со освојување на 1 кандидатура CAC има право да се стекне со CH MK.

**Гранд шампион на Македонија-GRAND CH MK**

На барање на сопственикот, КСМ ќе го признае насловот Гранд шампион (GRAND CH MK) доколку:

- кучето е веќе прогласено за Шампион на Македонија (CH MK) и
- освоило една кандидатура CAC MK по прогласување за Шампион на Македонија (CH MK).

**Балкански шампион - BALKAN CH**

На барање на сопственикот, КСМ ќе го признае насловот Балкански шампион (BALKAN CH) доколку:

- кучето е веќе прогласено за Шампион на Македонија (CH MK),
- кучето е веќе прогласено за Шампион на уште една балканска држава и
- освоило една кандидатура CAC MK по прогласување за Шампион на Македонија (CH MK) и со веќе стекнат наслов на Шампион на уште една балканска држава.

**Апсолутен шампион на Македонија-AP CH MK**

На барање на сопственикот, КСМ ќе го признае насловот Апсолутен шампион на Македонија (AP CH MK) за куче кое има потврда за Шампион на Македонија во убавина и работа.

**CACIB и Reserve CACIB (R.CACIB)**

На меѓународните изложби под заштита на ФЦИ се доделува CACIB кандидатура за меѓународен шампион во убавина која ја има распишано ФЦИ. За таа кандидатура заедно се натпреваруваат најдобрите кучиња кои се оценети со оценка одличен САС МК во следниве класи: интермедија, отворена, работни и шампиони. Според важечката номенклатура на ФЦИ, во секоја раса или вариетет судијата е овластен но не и обврзан да додели два CACIB-а, за секој пол одделно.

Судијата е овластен, но не и обврзан, да додели Rezerva CACIB (R.CACIB) на следното по облик истакнато куче. За оваа кандидатура се натпреваруваат кучиња со освоени САС МК кои се од преостанатите класи и кучето со освоена кандидатура Reserve CAC (R.CAC), под услов да доаѓа од класата во која кучето со кандидатура САС ја освоило кандидатурата CACIB.

Потврда за кандидатура проследува ФЦИ преку КСМ ако се исполнети следниве услови:

- кучето на денот на изложбата е најмалку 15 месеци старо;
- поседува признат доказ за потеклото (родовник) издаден од кинолошка организација призната од ФЦИ;
- во родовникот се впишани најмалку три целосни генерации за обата родитела.

Ако кучето на кое е доделен CACIB не ги задоволува горенаведените услови или пак веќе е прогласено за Меѓународен шампион во убавина, ФЦИ кандидатурата R.CACIB ќе ја признае како CACIB за прогласување Меѓународен шампион во убавина.

Предлогот за доделување кандидатура CACIB ја донесува судија, а ја потврдува ФЦИ. Обврска на ФЦИ е да испита дали предложените кучиња ги исполнуваат условите за потврда на CACIB. Картицата која ја добива излагачот служи како доказ дека именувното куче е предложено за CACIB. Картицата содржи отпечаток „Подлежи на потврда од ФЦИ".

**Меѓународен шампион во убавина-INT.CH**

На барање на сопственикот, ФЦИ ќе го додели насловот Меѓународен шампион во убавина (INT.CH) преку КСМ на кучето кое освоило:

а) За расите за кои по барање на ФЦИ за стекнување наслов Меѓународен шампион во убавина безусловно е потребен работен испит:

- 2 (две) кандидатури CACIB, во две различни земји и од двајца различни судии за важечки испити пропишани од ФЦИ,
- помеѓу освоената прва и последна кандидатура мора да помине најмалку една година (365 денови).

б) За расите за кои по барање на ФЦИ за стекнување наслов Меѓународен шампион во убавина не е потребен работен испит:

- четири кандидатури CACIB, во три различни земји од тројца различни судии,
- помеѓу освоената прва и последна кандидатура мора да помине најмалку една година (365 денови).

**Првак во класа ветерани**

Насловот првак во класа ветерани може да биде доделен само во класата ветерани на најдоброто куче оценето со оценка одличен, и на мажјак и на женка подеднакво. Доделување наслов Првак во класа ветерени не е задолжителна.

**Шампион на ветерани на Македонија**

КСМ ќе го признае насловот Шампион на ветерани на Македонија на барање на сопственикот ако кучето:

- освоило два наслова Првак во класа на ветерани, и
- ако насловите се доделени од двајца различни судии.

**Првак на раса-BOB**

За овој наслов се натпреваруваат:

- на меѓународна изложба-CACIB мажјак, CACIB женка, најубавото младо куче во расата, како и прваќот во класа ветерани мажјак или женка;
- на национална и специјализирана изложба-сите мажјаци и женки со освоени кандидатури CAC MK, најубавото младо куче во расата, како и прваќот во класа ветерани мажјак или женка.

Само еден судија може да го суди одбирањето на победник во раса.

Пред изборот за победник во раса, судијата избира најубаво младо куче во расата (J BOB).

**Најубаво куче од спротивен пол-BOS**

За овој наслов се натпреваруваат:

- на меѓународна изложба-CACIB мажјак или женка, најубавото младо куче во расата мажјак или женка, првак во класа на ветерани мажјак или женка, спротивен пол од оној на кој е доделен првак на раса BOB;
- на национална и специјализирана изложба-сите мажјаци или сите женки со освоена кандидатура CAC MK, најубавото младо куче, првак во класата ветерани мажјак или женка, спротивен пол од оној на кој е доделен првак на раса BOB.

**Член 27. Посебна програма-BEST IN SHOW**

По оценување на кучињата во рингови, се пристапува кон ревијалниот дел од изложбите-избор за најубави кучиња на изложба.

а) Програмата содржи:

- избор за најдобар млад водич (анг. junior handling);
- избор за најубаво бебе на изложбата каде учествуваат сите првопласирани бебиња во расата, мажјаци и женки, оценети со многу перспективно;
- избор за најубаво најмладо куче на изложбата каде учествуваат сите првопласирани најмлади во расата, мажјаци и женки, оценети со многу перспективно;
- избор за најубав ветеран на изложбата каде учествуваат мажјак и женка кои го освоиле насловот првак во класа ветерани;
- избор за најубав пар на изложбата;

- избор за најубава одгледна група на изложбата;
- избор за најубави кучиња по ФЦИ групи (од I-X)-BOG (анг. Best of Group) каде учествуваат сите кучиња по ФЦИ групи кои освоиле наслов првак на раса-BOB;
- избор за најубаво младо куче на изложбата J BIS (анг. Junior Best in Show) каде учествуваат најубавите млади кучиња од расите;
- избор за најубаво куче на изложбата BIS (анг. Best in Show) каде се натпреваруваат победниците од ФЦИ групите.

  Во секоја од наведениве категории задолжително е рангирање од прво до трето место, освен во изборот за најдобар млад водич каде е задолжително рангирање од прво до петто место.
- за Supreme JBIS и Supreme BIS се избира најдоброто куче од победниците во BIS.

б) Услови за натпреварување во одгледни групи

Сите одгледувачи кои ги исполнуваат следниве услови може да се пријават за избор за најубава одгледна група на изложбата:

- одгледната група се состои од најмалку три кучиња кои поединечно мора да бидат пријавени на изложбата, впишани во каталогот и позитивно оценети на изложбата; и
- сите кучиња од одгледната група мора да бидат одгледани од еден одгледувач, но не мора да бидат во негова сопственост.

в) Услови за натпреварување во парови

Сите сопственици на мажјаци и женки од иста раса може да се пријават за избор на најубав пар на изложбата:

- пар е составен од мажјак и женка кои се пријавени на изложбата, впишани во каталогот и позитивно оценети на изложбата;
- обете кучиња мора да бидат во сопственост на едно лице.

г) Судење на посебна програма

Само еден судија смее да суди избор за победник на поедниечни групи (BOG, J BIS, BIS, одгледни групи, парови, најубав ветеран, најдобар млад водич), исто како и кај изборот за првак на раса-BOB.

Судиите мора однапред да бидат одредени и објавени во каталогот за изложбата. За оваа прилика смее да се одредат и постават само оние судии кои имаат дозвола од своите национални кинолошки организации, како и писмено одобрение. Организаторот има право во договор со делегатот на изложбата да го изменат наведениот распоред на судии за посебниот програм, во случај кога има потреба од тоа.

Судиите за сите раси кучиња (анг. all round) од земји членки на ФЦИ смее да ги судат сите раси, вклучувајќи и BOG и BIS, без посебна дозвола од нивната национална кинолошка организација.

Судиите за групи од земји членки на ФЦИ смее да ги судат сите раси од групите за кои се овластени, како и BOG, без посебна дозвола од нивната национална кинолошка организација.

**Член 28. Изложбени документи и обрасци**

Сите потребни документи и обрасци поврзани со изложбата ги пропишува и печати КСМ.

**Член 29. Награди**

Организатори на изложби може да доделуваат дипломи, медали, почесни признанија, плакети, пехари и награди во храна кои ги донираат спонзори или други слични награди.

Парични награди не се дозволени.

Доделување дипломи или награди со оценките не е задолжително, тоа е одлука на организаторите на изложбите.

**Член 30. Приговор на одлука на судија**

а) Критика на оценка

Секоја судиска одлука е конечна и против неа не е дозволен приговор. Забранета е дополнителна проверка на поединечни судиски одлуки од страна на други судии или судиско жири. Секоја непристојна критика на судиска оценка или одлука може да доведе до одземање на сите добиени оценки, наслови и награди, како и отстранување од изложбата; тоа е прекршок кој може дисциплински да се санкционира на барање на судијата.

б) Формални неправилности (грешки)

Кога е направена формална неправилност (грешка) а виновник за истата е организаторот, судија или излагач, секој излагач кој е повреден од направената грешка има право на приговор. Веднаш по дознавањето, организаторот е должен да пристапи кон потребна истрага и преземање мерки. Приговор против причинетата формална неправилност треба писмено да се поднесе до комисијата за жалби на изложбата, на лице место на денот на изложбата. За секој приговор треба да се уплати сума во висина од две пријави за изложбата. Ако приговорот е одбиен, износот оди во корист на организаторот на изложбата. Одлуката за поднесениот приговор ја носи комисијата за жалби именувана од организаторот која е објавена во каталогот за изложбата, во присуство на делегатот на КСМ откако ќе ги сослуша сведоците и учесниците, исто така на лице место на денот на изложбата.

Против одлуката на комисијата за жалби може да се поднесе приговор до Извршниот одбор на КСМ во рок од 8 (осум) денови. Одлуката на Извршниот одбор е конечна.

**Член 31. Оценување во рингови**

а) Персонал во ринговите

Во ринг може да се задржуваат само службени лица-делегатот на КСМ, организаторот на изложбата, стручниот водител на изложбата, судијата, по потреба преведувач, записничар, секретар на ринг, стажант за кинолошки приправник или судија и излагач со куче.

Целиот овластен персонал мора да носи видливи ознаки за своите функции во рингот, додека излагачите видливо истакнат каталошки број за своето куче.

б) Работа на судија

Судијата ги диктира и потпишува оценските листи и картици со предлози за доделени титули и кандидатури и внимава доделените титули и кандидатури да бидат точно означени. Оценските листи мора да бидат јасно и читливо напишани и тоа во два примерока, еден за излагачот и еден за КСМ; во организација на кинолошките друштва и клубови, во три примерока.

в) Секретар на ринг

Треба течно да го говори јазикот на кој судијата суди, поточно еден од четирите службени јазици на ФЦИ.

Секретар на ринг мора да биде школуван и лиценциран од СС на КСМ.

Секретар на ринг треба да му ги овозможи следниве услуги на судија во ринг:

- да ги повика сите кучиња по класи како што се пријавени, јасно и гласно по каталошки броеви до три пати;
- на меѓународни изложби, освен на македонски јазик, повикувањето на излагачите треба да се изврши и на англиски јазик, а по потреба и на некои од останатите четири службени јазици на ФЦИ;
- да утврди по класи кои кучиња не се присутни;
- да го извести судијата за секоја промена на водич или некоја неправилност;
- да биде одговорен за целиот пишан материјал во рингот и беспрекорно доделување наслови;
- да ги извршува сите барања на судијата
- Сите лиценцирани кинолошки судии со платена годишна членарина можат да бидат Секретар на ринг.

г) Записничар во ринг

Записничар во ринг ја извршува целата административна работа, пишува оценски листи по диктирање на судија, а по барање на судија исполнува картици со кандидатури и наслови.

Записничар во ринг мора да биде школуван и лиценциран од СС на КСМ.

Сите лиценцирани кинолошки судии со платена годишна членарина можат да бидат Записничар во ринг.

д) Организаторот е должен да обезбеди најмалку две школувани и лиценцирани лица од СС на КСМ во секој ринг каде што ќе се оценуваат кучиња на изложбата.

ѓ) Работата на персоналот во ринговите (секретар на ринг и записничар) ја контролира делегатот на КСМ кој носи заклучоци за нивната работа. Делегатот е должен во својот извештај да ја наведе и работата на персоналот во ринговите.

**Член 32. Делегат на изложба**

а) На сите изложби на кучиња КСМ одредува делегат преку СС кој е службено лице на КСМ и на изложбата го претставува КСМ. Делегатот мора да биде кинолошки судија со најмалку 5 годишно искуство, кој е искусен во организација на кинолошки изложби еднакви по ранг на таа на која се делегира. Делегатот за меѓународни изложби мора да познава барем еден од службените јазици на ФЦИ. Делегатот се именува најдоцна 15 денови пред одржување на изложбата. Како службено лице на КСМ, делегатот има обврски, права и одговорности.

б) Делегатот е должен пред изложбата да контактира со стручниот водител на изложбата и да се запознае со успешноста на подготовките.

Делегатот е должен да дојде на местото каде се одржува изложбата пред почетокот на самата изложба. Делегатот треба детално да се запознае со сите подготовки за изложбата, да го прегледа каталогот, да се запознае со терените, да се информира за доаѓањето на судиите, нивните одобрени согласности за судење, како и со програмата на работа на изложбата. Во случај да се најдени неправилности во однос на овој Правилник и другите акти на КСМ, истите мора да се отстранат.

в) Правата на делегатот на изложбата се следниве:

- дава потребни стручни толкувања за примена на правилниците, општите одлуки на КСМ и одлуките од овој Правилник;
- доколку забележи значајни неправилности, може да ја прекине изложбата (делумно или целосно) сè додека истите не се отстранат;
- го следи целиот тек на работа и интервенира при можно неправилно и недолично однесување од страна на излагачите, водителите на кучиња или кинолошките судии и посетители;
- интервенира по сите прашања и пропусти доколку не се во согласност со програмата на изложбата, одредени правилници и одредбите од овој Правилник.

г) Делегатот сноси полна морална и лична одговорност доколку изложбата не е одржана во согласност со постојните прописи и одредби од овој Правилник, а за тоа не поднел извештај. Веднаш по завршувањето на изложбата, а најдоцна во рок од седум (7) денови, делегатот е должен да поднесе дисциплинска пријава против можни пропусти на излагачите, кинолошките судии или организаторот. Најдоцна во рок од 7 (седум) денови по одржувањето на изложбата, делегатот е должен да достави писмен извештај до СС за одржаната изложба. Извештајот на делегатот мора да ги содржи следниве податоци:

- место, време и вид на изложба;
- временски прилики доколку изложбата се одржува на отворено;
- изложбен простор, број на рингови за оценување, големина, опременост, хигиенски услови;
- луѓе во ринг за оценување-записничар, секретар на ринг, приправници;
- техника на повикување на излагачи и учесници;
- озвучување;
- присуство на редари и служба за обезбедување;

- анализа на каталог;
- котизација;
- колку судии биле предвидени, а колку присутни (по име) и дали за сите постои одобрение од матичниот сојуз;
- колку судии приправници или стажанти за приправници имало и дали сите се прописно упатени на стажирање;
- начин на отворање и затворање на изложбата (пригоден говор, химна, знамиња на земји учеснички);
- приближен број на посетители;
- дали имало неодговорни изложувачи и по кое прашање;
- дали имало жалби и како се решени;
- оценка за однесување на судии или можни пропусти од нивна страна;
- да се наведат сите отстранети неправилности, како и однесувањето на организаторот на посочените неправилности за време доделување на кандидатури, дипломи, пехари и други награди;
- заклучок во кој треба да се даде мислење-оценка дали изложбата била одржана по позитивните кинолошки прописи, дали ги задоволила целите на македонската кинологија и дали може на организаторот и во иднина да му се дозволи организација на слична изложба.

**Член 33. Одржување ред**

Организаторот е должен да одржува ред во изложбениот простор. Изложбата треба да се пријави во надлежната полициска станица на МВР и мора да постои редарска служба, во согласност со позитивните законски прописи. Сите учесници на изложбата се обврзани да ги следат упатствата на официјалните лица на организаторот. Оние кои постапуваат спротивно веднаш може да бидат отстранети од изложбата, а во зависност од околностите и казнети со построги мерки.

**Член 34. Откажување на изложба**

Ако одржувањето на изложбата е спречено, организаторот е должен на пријавените учесници да им ја врати уплатената котизација.

**Член 35. Извештај за изложба**

Во рок од 15 денови по одржаната изложба, организаторот е должен да поднесе извештај за изложбата до КСМ кој треба да го содржи следново:

- секоја дадена оценка во пропишан број на каталози во кој покрај дадените оценки се наведуваат и доделените титули и кандидатури, и по еден примерок од секоја оценска листа;
- број на пријавени и впишани кучиња по каталог и број на присутни и оценети кучиња;
- имиња на судии кои суделе на изложбата, со попис на расите кои ги оценувале;
- забелешки и предлози.

Организаторот на изложбата треба да поднесе пресметка за изложбата во рок од 30 денови, а обврските кон КСМ да ги исплати според доставената фактура од страна на КСМ.

**Член 36. Друг начин на оценување кучиња освен на изложби**

Освен на изложби, кучиња може да се оценуваат и на други кинолошки манифестации.

Кучиња може да се оценуваат и на одгледни прегледи, на работни испити и во други ситуации доколку организаторот побара од СС на КСМ таква можност, а СС на КСМ ја одобри.

Во тој случај организаторот е должен да обезбеди и судии за оценување на облик, како што е предвидено со овој Правилник.

Оценување кучиња во такви ситуации се врши по истите принципи и на ист начин како и оценување кучиња на изложба пријавени вон конкуренција.

Кучињата може да бидат оценети и вонредно од страна на судии за оценување на облик за одредената ФЦИ група. Вонредната оценка најмногу може да е 4 или многу добар и истата е со важност до 6 (шест) месеци.

**Член 37. Одлуки во случај на спорови**

Во спорови меѓу учесници на изложби одлучува организаторот во присуство на делегатот на КСМ. Последен степен на одлучување во такви спорови е Извршниот одбор на КСМ.

**Член 38. Стапување на сила и преодни одредби**

Овој Правилник стапува на сила од денот на донесување.

## Б. Правилник за манифестации за работна ловна кинологија

**Член 39. Основно**

Правилникот за манифестации за работна ловна кинологија важи за подрачјето на Република Македонија, а е задолжителен за сите кинолошки клубови и друштва членки на КСМ, како и за нивните членови. Правилникот е изработен во согласност со важечките меѓународни правилници на ФЦИ.

**Член 40. Видови манифестации**

Манифестациите за работна ловна кинологија може да бидат:
- испити на вродени особини,
- испити за работа,
- национални натпревари со доделување кандидатура CACT, и
- меѓународни натпревари со доделување кандидатура CACIT.

**Член 41. Најава и одобрување**

Организаторите кои сакаат да организираат манифестација за работа на ловни раси кучиња, во рок одреден од Стручниот совет на КСМ поднесуваат писмено барање за планирани манифестации за следната година. Стручниот совет на КСМ ја одобрува манифестацијата. По добиеното одобрување од Стручниот совет на КСМ, организаторите може да започнат со организација на манифестација која треба да се одвива во согласност со правилниците за оценување на работа на одредени ловни раси кучиња.

**Член 42. Право на учество**

а) Кучињата чии сопственици имаат постојано живеалиште во Р. Македонија може да учествуваат на работните манифестации во Република Македонија под заштита на ФЦИ и КСМ само ако се впишани во Македонската родовна книга. На кучињата кои се одгледани во странство и за кои уписот во МРК е во постапка добиената оценка ќе им важи, а освоената кандидатура може да им биде призната откако ќе бидат впишани во МРК.

Сопственици и водители на кучиња кои учествуваат на кинолошки манифестации а имаат постојано живеалиште во Р. Македонија мора да бидат членови на некој кинолошки клуб или кинолошко друштво членка на КСМ и уредно да имаат платена членарина.

б) Кучињата од странство во сопственост на странски државјани може да учествуваат на работни манифестации само ако се впишани во родовна книга која ја признава ФЦИ и ако се пријавени под бројот од родовната книга.

в) Ако на работни манифестации е оценето куче кое не ги исполнува потребните услови според одредбите од овој Правилник, таквата оценка или освоена кандидатура се смета за неважечка.

**Член 43. Судии**

а) Номинираниот судија за оценување одредени раси е овластен да доделува оценка, пласман и кандидатура. При тоа, обврзан е тоа да го направи без туѓа помош или сугестии од други.

б) Судење и оценување може да вршат само судии кои од својот национален сојуз имаат одобрение за одредена раса. При тоа, обврзани се да судат исклучиво во согласност со важечките правилници на ФЦИ.

в) Судија може да суди во странство само ако добие согласност од надлежниот национален кинолошки сојуз за судење на работа за одредени раси.

г) За судии кои судат на работни манифестации, организаторот треба претходно да добие согласност од КСМ, односно преку КСМ да добие согласност од матичниот национален сојуз доколку се работи за судија од странство. За сите судии е потребна согласност од КСМ.

**Член 44. Повикување судија**

а) Организатор на работна манифестација мора писмено да покани судија. Судијата е обврзан писмено да му одговори на организаторот дали ја прифаќа поканата или не. Судијата мора секогаш да ги исполни своите судиски обврски, освен ако не е спречен од оправдана причина.

б) Ако судијата од оправдана причина не може да ја исполни предвидената задача, мора неодложно телефонски, преку факс, телеграма, електронска пошта и слично за тоа да го извести организаторот. Откажувањето мора и писмено да се потврди.

в) Организатор на работни приредби исто така е обврзан да се придржува до поканата за именуваниот судија, а разрешување од обврска е дозволено само во случај на виша сила или во согласност со судијата.

г) Доколку организаторот е присилен да ја откаже работната приредба, обврзан е на судијата да му ги надокнади настанатите трошоци. Ако судијата од која било причина одлучи да не ја исполни својата судиска обврска, должен е сам да ги сноси можните настанатите трошоци.

**Член 45. Обврски и права на судија**

а) Судија не смее на денот на работната приредба на која суди да пријави ниту едно куче во своја сопственост.

б) На денот на работната приредба кога суди, судија не смее да води ниту едно куче. Членови на неговото семејство или луѓе со кои живее во заедничко домаќинство може да водат само раси кои тој не ги суди тој ден.

в) На работни приредби на кои не суди, судија смее да води само кучиња кои се одгледани од него или кои се во негова сопственост или косопственост.

г) Судија не смее да суди ниту едно куче кое било во негова сопственост или косопственост, кое го школувал, чувал или продал во последните 6 (шест) месеци пред работната манифестација на која суди. Истото важи и за кучиња во сопственост на членови на неговото семејство.

д) На судијата му е забранет увид во каталогот пред завршување на неговото судење. Организаторот не смее однапред да му даде на судијата каталог, туку само судиски каталог со сите податоци освен податоци за името на кучето и сопственикот.

ѓ) Судија не смее да пуши за време на судење.

е) Судија не смее да пие алкохол за време на судење и додека трае манифестацијата.

ж) На судија му е забрането да патува заедно со натпреварувачи на кои ќе им суди на работна приредба. Во тој поглед, организаторот не смее пред судењето да одреди натпреварувач да се грижи за судијата.

з) На судија му е забрането да престојува пред работната манифестација кај натпреварувач чии кучиња треба да ги суди. Престој кај натпреварувач е дозволено само по завршување на работна манифестација. Истото важи и за приватни состаноци со натпреварувачи.

и) Судија не смее да оцени повеќе од дозволениот број кучиња пропишани со правилниците за работа за одредени раси кучиња.

**Член 46. Обврски на организатор**

а) Организаторот е должен да издаде пријава за сите работни манифестации со доделување на кандидатура (CACT/CACIT).

б) Личности кои се наведени во каталог за работна манифестација како организатори не смее на денот на работната приредба да пријават или водат ниту едно куче.

в) Организаторот повикува судии на свој трошок за сите работни манифестации.

г) Организаторот е должен навремено да се договори со кинолошкиот судија околу начинот на патување на судијата. На судијата треба да му се надоместат сите договорени трошоци за патување по доаѓањето на судијата, или однапред доколку е така договорено.

д) Организаторот мора да му обезбеди на судијата хотелско сместување и редовни оброци, како и судиска дневница пропишана со Правилникот на ФЦИ.

ѓ) Правата на судија кој доаѓа на судење од странство се уредуваат на следниве начини:

- во согласност со претходен договор, организаторот мора да го сноси трошокот на судијата од моментот на неговото доаѓање во земјата до моментот на неговото заминување. Тоа обично вклучува и еден ден пред и еден ден по одржувањето на работната приредба;
- може да се исплати надоместок за користење на авион ако оддалеченоста е поголема од 600 км или ако патувањето со авион е поефтино од другите превозни средства;
- се препорачува финансиските и другите договори помеѓу судијата и организаторот на работната манифестација однапред писмено да се договорат. Обете страни мора да се придржуваат до договорот;
- судијата кој доаѓа од странство не може да има помалку права од правата на судиите од земјата.

**Член 47. Стекнување титула и кандидатура**

**CACT MK и Reserve CACT MK (R.CACT MK)**

На работните приредби со доделување кандидатура CACT кои се под заштита на КСМ, судијата може да додели кандидатура за Првак на Македонија во работа-CACT MK и тоа на првопласираното и одлично оценето куче во работа.

Судијата може да додели Резервна кандидатура-R.CACT MK на второпласираното одлично оценето куче во работа.

За освоените кандидатури и резервни кандидатури за национален првак во работа се доделуваат следниве картички:

- картичка со напис CACT MK-за национален првак во работа, и
- картичка со напис R.CACT MK-за резервна кандидатура.

Потврдата на кандидатурите е во надлежност на КСМ, а се признаваат доколку се исполнети следниве услови:

- кучето на денот на работната приредба мора да биде старо најмалку 15 месеци, и
- кучето мора да има признат доказ за потекло-родовник издаден од кинолошка организација призната од ФЦИ.

**Шампион на Македонија во работа**

На барање на сопственикот, КСМ ќе го признае насловот Шампион на Македонија во работа на куче кое освоило:

а. јамари

2 (два) CACT MK за работа под земја на лисица и барем една трета награда на испит на вродени особини со испит на гласност, 2 (два) CACT MK за работа над земја и барем една трета награда на испит за работа под земја на лисица или 2 (два) CACT MK на полн работен испит.

Доколку кучето на кое му е доделена кандидатура CACT MK веќе е прогласено за Првак на Македонија во работа, кандидатурата R.CACT MK се признава како кандидатура за прогласување Првак на Македонија во работа. За прогласување Првак на Македонија во работа може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CACT MK.

Покрај наведените услови, секое куче јамар мора да има положен испит на вродени особини и оценка на облик многу добар или одличен добиена на изложба со доделување кандидатура CAC или CACIB.

б. гоничи

2 (два) CACT MK на испити за работа на гоничи, испити на гласно терање во работа на дива свиња во ограден простор или на испит на крвна трага со доделување на кандидатура CACT MK.

Двете кандидатури може да бидат освоени на кој било од наброените испити за работа. Кандидатурите мора да бидат освоени кај различни судии.

Доколку кучето на кое му е доделена кандидатурата CACT MK е веќе прогласено за Првак на Македонија во работа, кандидатурата R.CACT MK се признава како кандидатура за прогласување Првак на Македонија во работа. За прогласување Првак на Македонија во работа може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CACT MK.

Покрај наведените услови, секое куче гонич мора да има положен испит на вродени особини и оценка на облик многу добар или одличен добиена на изложба со доделување кандидатура CAC или CACIB.

в. ретривери (апортери)

2 (два) CACT MK на испити за работа на ретривери во апортирање, сестран испит на работа за ретривери или сестран испит на работа за ретривери со апортирање на пајка со потопување со доделување кандидатури CACT MK.

Двете кандидатури може да бидат освоени на кој било од наброените испити за работа. Кандидатурите мора да бидат освоени кај различни судии.

Доколку кучето на кое му е доделена кандидатурата CACT MK е веќе прогласен за Првак на Македонија во работа, кандидатурата R.CACT MK се признава како кандидатура за прогласување Првак на Македонија во работа. За прогласување Првак на Македонија во работа може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CACT MK.

Покрај наведените услови, секое куче ретривер мора да има положен испит на вродени особини и оценка на облик многу добар или одличен добиена на изложба со доделување кандидатура CAC или CACIB.

г. шпаниели (душкачи)
2 (два) CACT MK на испити за работа на шпаниели со апортирање или сестран испит за работа на шпаниели со доделување кандидатура CACT MK.

Двете кандидатури може да бидат освоени на кој било од наброените испити за работа. Кандидатурите мора да бидат освоени кај различни судии.

Доколку кучето на кое му е доделена кандидатурата CACT MK е веќе прогласен за Првак на Македонија во работа, кандидатурата R.CACT MK се признава како кандидатура за прогласување Првак на Македонија во работа. За прогласување Првак на Македонија во работа може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CACT MK.

Покрај наведените услови, секое куче шпаниел мора да има положен испит на вродени особини и оценка на облик многу добар или одличен добиена на изложба со доделување кандидатура CAC или CACIB.

д. птичари
за мажјаци:
2 (два) CACT MK на природен дивеч (една од кандидатурите мора да биде освоена во испит за работа на еребици) или два CACT MK на природен дивеч и оценка одличен, односно оценка одличен на испит за работа на еребица.

за женки:
2 (два) CACT MK на природен дивеч.

Кандидатурите мора да бидат освоени кај различни судии.

Доколку кучето на кое му е доделена кандидатурата CACT MK е веќе прогласено за Првак на Македонија во работа, кандидатурата R.CACT MK се признава како кандидатура за прогласување Првак на Македонија во работа. За прогласување Првак на Македонија во работа може да се користи најмногу една ваква кандидатура R.CACT MK.

Покрај наведените услови, секое куче мора да има положен испит за работа со отстрел, како и оценка многу добар или одличен добиена на изложба со доделување на кандидатура CAC или CACIB.

**CACIT и Reserve CACIT (R.CACIT)**

На работните приредби со доделување на кандидатура CACIT, кои се под заштита на ФЦИ, судијата може да додели кандидатура за меѓународен првак во работа-CACIT на првопласираното одлично оценето куче.

Судијата може да ја додели резервната кандидатура Rezerva CACIT (R.CACIT) на второпласираното одлично оценето куче.

За освоените кандидатури и резервни кандидатури за меѓународен првак за работа се доделуваат следниве картички:

- за CACIT-картичка со напис CACIT со златна лента, и

- за R.CACIT-картичка со напис R.CACIT со сребрена лента.

Потврдата на кандидатурите е во надлежност на ФЦИ, а се признава доколку се исполнети следниве услови:

- кучето на денот на работната приредба мора да биде старо најмалку 15 месеци;
- мора да има признат родовник издаден од кинолошка организација призната од ФЦИ; и
- во родовникот мора целосно да бидат впишани најмалку 3 (три) генерации од обата родитела.

**Меѓународен шампион во работа-INT. CH. R.**

За оваа титула може да конкурираат само раси за кои е предвиден работен испит под покровителство на ФЦИ.

За добивање титула Меѓународен шампион во работа, кучето мора да ги исполнува следниве услови:

- да има освоено 2 (два) CACIT-а добиени од двајца различни судии во две различни земји или на испити во организација на два клуба или друштва од различни национални сојузи. По обата CACIT-а мора да се освојат две први награди на меѓународни испити за работа под покровителство на ФЦИ, и
- на ФЦИ меѓународна изложба за облик мора да имаат добиено најмалку оценка многу добар во класа на работни, во меѓукласа или во класа на отворени, без оглед на бројот на оценети кучиња.

**Континентални птичари**-овие раси може да ги освојат и титулите меѓународен првак во работа-испит за работа во поле (анг. field trial) и меѓународен првак во работа-ловен тест (анг. hunting test).

За да добие титула Меѓународен првак во работа-испит за работа во поле (анг. field trial) ChIT (ft), кучето мора да ги исполнува слениве услови:

- да не е помладо од 15 месеци и да има освоено 2 (два) CACIT-а или еден CACIT и два R.CACIT-а во работа-испит за работа во поле (анг. field trial) организирани под покровителство на два различни кинолошки сојузи и добиени кај двајца различни судии;
- ако кандидатурата е добиена во работа-испит за работа во поле (анг. field trial) на кој не се бара дисциплина апортирање, тогаш кучето мора на некој друг испит за работа под покровителство на ФЦИ да добие најмалку квалификација многу добар;
- на ФЦИ меѓународна изложба за облик мора да има добиено најмалку оценка многу добар во класа на работни, во меѓукласа или во класа на отворени, без оглед на бројот на оценети кучиња.

За добивање на титулата Меѓународен првак во работа-ловен испит-ChIT (ес), кучето мора да ги исполнува слениве услови:

- да не е помладо од 15 месеци и да има освоено 2 (два) CACIT-а или 1 (еден) CACIT и 2 (два) R.CACIT-а добиени на ловен испит под покровителство на два различни кинолошки сојузи и кај двајца различни судии;
- ако кандидатурата е доделена на испит за работа во поле и на испит за работа во вода, кучето мора на уште еден ФЦИ испит за сестраност да добие најмалку квалификација многу добар;

- на ФЦИ меѓународна изложба за облик да има добиено најмалку оценка многу добар во класа на работни, во меѓукласа или во класа на отворени, без оглед на бројот на оценети кучиња.

Ако кандидатурата CACIT ја добие куче кое веќе е меѓународен првак во работа, тогаш CACIT кандидатурата се пренесува на кучето кое добило R.CACIT.

Сопственикот на кучето преку својот сојуз може да побара доделување и признавање на титулите ChIT(ft) или ChIT(ec) од генералниот секретаријат на ФЦИ најдоцна во рок од една година. Притоа мора да ја приложи потребната документација.

**Јазовичари**-кучињата од овие раси имаат три можности:

1. Да имаат добиено 2 (два) CACIT-а во работа на лисица во вештачки ров (BhFK) во две различни земји и најмалку 3 награди на испит на сестраност (Vp) или следогласност на зајак (Sp).
2. Да имаат добиено 2 (два) CACIT-а на испит на сестраност или гласно терање, како и 3 (три) награди во работа на лисица во вештачки ров (BhFK) или положен испит за работа под земја на лисица или јазовец во две различни земји.
3. Да имаат добиено 1 (еден) CACIT во работа на лисица во вештачки ров (CACIT) и 1 (еден) CACIT на испит на сестраност со следогласност на зајак во две различни земји.

Јазовичари зајачари: потребно е во ист ден да добие 1 (еден) CACIT за извлекување KschlH и 1 (еден) CACIT за истерување KSpN, како и следогласност на зајак.

На барање на сопственикот или националниот кинолошки сојуз, кучето кое добило R.CACIT може да добие кандидатура CACIT под следниве услови:

- ако кучето кое добило CACIT веќе има потврдена титула од ФЦИ Меѓународен првак во работа или ако кучето со кандидатура CACIT веќе има 2 (два) CACIT-а, без разлика дали неговата титула Меѓународен првак во работа е потврдена од ФЦИ или не (исклучок се континенталните птичари);
- ако кучето кое добило кандидатура CACIT во родовник признат од ФЦИ нема впишано 3 (три) генерации;
- ако кучето кое добило кандидатура CACIT според важечките правила на ФЦИ е премладо за работен или ловен испит (помладо од 15 месеци);
- на секој испит може да се додели само еден CACIT.

Исклучоци:

- кај јамарите, јазовичарите, фокстериерите, ловните териери и велшките териери-CACIT може да добие секое куче кое на испитот за работа под земја ќе постигне максимален број на бодови; и
- кај јазовичари-CACIT може да добијат јазовичари кои на меѓународен испит на сестраност ќе добијат 1-ва награда во класа со најмалку 267 бодови во прв степен.

### Член 48. Документи и обрасци

Кинолошкиот сојуз на Македонија ги пропишува, печати и издава сите документи и обрасци поврзани со работните манифестации.

**Член 49. Награди**

На работните приредби, организаторот и кинолошките организации може да доделуваат пехари, розети, дипломи, медаљи, почесни признанија, плакети и награди во храна донирани од спонзори или други слични награди.

Парични награди не се дозволени.

Доделување дипломи со оценка е задолжително, додека доделување награди не е задолжително и оваа одлука е оставена на организаторот на работната манифестација и на кинолошките здруженија.

Сите награди кои се доделуваат на работните манифестации мора да бидат јасно наведени во каталогот.

**Член 50. Приговор на одлука на судија**

а) Критики на оценка

Секоја одлука на судијата е конечна и против нејзе не е дозволен приговор. Забранета е дополнителна проверка на поединечни одлуки на судијата од страна на други судии или судиска комисија. Секоја несоодветна или непристојна критика на оценка или одлука на судија може да доведе до губење на сите добиени оценки, титули и награди и отстранување од приредбата, а тоа воедно претставува и прекршок кој може да се санкционира во согласност со правилниците на КСМ и на барање на судија.

б) Формални грешки

Секој оштетен натпреварувач има право да даде приговор ако е направена формална грешка од страна на организаторот, судијата или натпреварувачот. Веднаш потоа организаторот е должен да преземе потребна истрага и мерки. Приговорите против формалните грешки треба да се поднесат до организацискиот одбор писмено на денот на одржувањето на приредбата, на лице место. Со секој приговор треба да се приложи износ во висина на две пријави за предметната манифестација. Ако приговорот се одбие, тој износ оди во корист на организаторот на приредбата. Одлука за поднесениот приговор донесува Комисија за жалби која ја именува организаторот на работната приредба и е објавена во каталогот. Одлуката на Комисијата за жалби се носи во присуство на главниот судија или делегатот на КСМ по сослушување на сите учесници, исто така на лице место и на денот на одржување на приредбата. Приговор на одлука на Комисија за жалби може да се поднесе во рок од 8 (осум) денови до Стручниот совет на КСМ. Одлуката на СС е конечна.

**Член 51. Водител на работна приредба**

а) Водителот го именува организаторот на работната приредба по одобрувањето на приредбата. Организаторот е должен веднаш да го извести КСМ за именувањето на водителот.

б) Водител е кинолошки судија кој во потполност ги познава позитивните кинолошки прописи на КСМ и ФЦИ. Тој поднесува предлог листа на судии до КСМ за одобрување во рок што го одредува Стручниот совет на КСМ.

в) Водителот добро го познава и организира целокупниот протокол на предлагање и повикување судии, договарање на нивното доаѓање, сместување и обезбедување на потребните согласности за нивно судење. Одговара за наводите во пријавата за работната манифестација. Стручно одговара за доделување раси на судии и распределување раси и ги забележува неправилностите при пријавување. Го организира стручниот тек на манифестацијата и го контролира навремениот тек на истата. Одговара за исправноста на каталогот.

г) Ги изработува потребните извештаи за КСМ и ФЦИ и одговара за нивната точност.

д) Во случај на спорни ситуации и потреба за дополнително стручно толкување, контактира со претседателот на Стручниот совет на КСМ и со главниот судија или делегатот именуван за таа манифестација.

ѓ) Надоместокот за ангажманот на водителот ја сноси организаторот на работната манифестација.

**Член 52. Делегат на работни манифестации**

а) На сите работни манифестации со доделување на кандидатури САСТ МК или CACIT, КСМ одредува главен судија или делегат кој е службено лице на КСМ и на работната манифестација го претставува КСМ. Главниот судија или делегат мора да биде кинолошки судија кој е искусен во организација на работни манифестации. По усвојување на календар на манифестации од страна на КСМ и одобрување организирање на работни манифестации, за секоја работна приредба се именува главен судија или делегат. Во случај на спреченост на главниот судија или делегатот да присуствува на работната приредба, се именува друг главен судија.

Како службено лице на КСМ, главниот судија или делегат има обврски, права и одговорности. Главниот судија се именува од редовите на предложените судии на предметната кинолошка манифестација.

б) Главниот судија или делегат е должен пред манифестацијата да контактира со водителот на работната манифестација и да се информира за подготовките на истата.

Главниот судија или делегат е должен да дојде на местото каде ќе се одржува работната манифестација пред почетокот на истата. Треба детално да се запознае со сите подготовки, да го прегледа каталогот, да се запознае со терените, да се информира за доаѓањето на судиите, нивните одобренија за судење, како и со програмата за работа на работната манифестација. Во случај да се најдени неправилности во однос на овој Правилник и другите акти на КСМ, истите треба да се отстранат.

в) Правата на главниот судија или делегат на работна манифестација се следниве:

- дава потребно толкување за примена на Правилникот, општите одлуки на КСМ и одлуките од овој Правилник;
- доколку забележи значајни неправилности, може да ја прекине манифестацијата (делумно или во целост) додека истите не се отстранат;
- го следи целиот тек на работата и интервенира при можно неправилно и недолично однесување на натпреварувачи, водител, кинолошки судии или посетители;
- интервенира по сите прашања и неправилности доколку не се во согласност со програмата на работната манифестација, со одредени правилници и со одредбите од овој Правилник.

г) Главниот судија или делегат заедно со организаторите сноси полна морална и лична одговорност доколку работната манифестација не е одржана во согласност со постоечките прописи и одредбите од овој Правилник. Веднаш по завршувањето на манифестацијата, а најдоцна во рок од седум (7) денови, должен е да поднесе пријави против можни пропусти од страна на натпреварувачите, кинолошките судии и организаторот. Најдоцна во рок од седум (7) денови по одржаната работна манифестација, главниот судија или делегат е должен да му достави на Стручниот совет на КСМ и на организаторот на манифестацијата писмено известување за одржаната манифестација. Извештајот на главниот судија или делегат мора да ги содржи најмалку следниве податоци:

- место, време и вид на работна манифестација;
- временски услови во време на одржување на манифестација;
- персонал ангажиран за работната манифестација;
- анализа на каталог;
- број на дојдени кучиња;
- колку судии биле предвидени, а колку присутни (по име) и дали за сите има согласност од матичниот кинолошки сојуз;
- колку присутни судии приправници имало и дали сите се прописно упатени на стажирање;
- начин на отворање и затворање на манифестацијата (пригоден говор, химна, знамиња на земји учеснички);
- приближен број на посетители;
- дали имало неодговорни излагачи и зошто биле неодговорни;
- дали имало жалби и како се решени;
- оценка на однесување на судии;
- да се наведат сите отстранети неправилности, како и однесувањето на организаторот во врска посочените неправилности;
- заклучок во кој треба да се даде мислење-оценка дали работната манифестација била одржана по позитивните кинолошки прописи, дали ги задоволила целите на македонската кинологија и дали може на организаторот и во иднина да му се дозволи организација на слична манифестација.

**Член 53. Извештај за работна манифестација**

Организаторот на работната манифестација е должен во рок од 15 денови по одржаната работна манифестација да поднесе извештај за манифестацијата до КСМ во кој треба да се наведе:

- доделените оценки за оценување на облик, сите доделени наслови и кандидатури, како и по еден примерок од сите оценски листи;
- бројот на пријавени и запишани кучиња во каталогот и бројот на реално дојдени и оценети кучиња;
- имиња на судиите кои суделе на работната приредба со попис на расите кои ги оценувале;
- забелешки и предлози.

Организаторот на работната приредба треба да поднесе пресметка за приредбата во рок од 15 денови и потребните финансиски средства да ги уплати на КСМ во рок од 8 (осум) денови од поднесениот извештај.

Во случај да од каква било причина не се одржи работната приредба со доделување на кандидатури, обврска на организаторот е оправдувањето за неодржување до го достави до КСМ во рок од 15 денови. Во случај организаторот да не го оправда неодржувањето на одобрената приредба, КСМ при следното планирање нема да дозволи таква приредба.

**Член 54. Спорови**

Во спорови меѓу учесници на работни приредби одлучува организаторот во присуство на делегатот на КСМ. Последен степен на одлучување за таков спор е КСМ.

**Член 55. Правилници**

Правилници со кои се регулираат одредени видови работни приредби за одредени расни групи се:

1. Правилник за оценување на кучиња јамари
2. Правилник за испит и оценување на работа на кучиња гоничи
3. Правилник за работа на кучиња со гласно терање на дива свиња во гатер
4. Правилник за испит на вродени особини на кучиња крвоследници и натпревари за крвна трага за сите раси ловни кучиња
5. Правилник за работа на кучиња птичари
6. Правилник за натпревари во работа за шпаниели
7. Правилник за работа на ретривери
8. Правилник за ловно кинолошкиот куп „Свети Хуберт" со кучиња птичари и шпаниели

## В. Правилник за приредби за спортско работни кучиња

### Член 56. Основно

Правилникот за приредби за спортско работни кучиња важи за подрачјето на Република Македонија и е задолжителен за сите кинолошки здруженија, членки на КСМ, како и за нивните членови. Правилникот е изработен во согласност со важечките меѓународни правилници на ФЦИ.

### Член 57. Врсти на приредби

Приредбите за спортско работна кинологија може да бидат:

- испити за работа,
- национални приредби со доделување кандидатура CACT,
- меѓународни приредби со доделување кандидатура CACIT,
- ревии на работни кучиња, и
- куп натпревари.

### Член 58. Најава и одобрување

Организаторите кои сакаат да организираат приредба за работа на спортско работни кучиња, во рок одреден од Стручниот совет на КСМ поднесуваат писмено барање во вид на план на приредби за следната година. По одобрување од Стручниот совет на КСМ, може да започнат со организирање на наведените приредби кои треба да се одвиваат во согласност со поединечните правилници за оценување на работа на спортско работни кучиња, агилити и работа со кучиња за спасување.

### Член 59. Правилници

Правилници кои ги разработуваат одредените врсти на приредби за работно спортски кучиња се:

1. Правилник за спроведување меѓународен испит за спортско работни кучиња (FCI-IGP)
2. Правилник за спроведување приредби по националните програми за спортско работни кучиња
3. Правилник за спроведување меѓународна програма за агилити (анг. FCI-agility)
4. Правилник за спроведување меѓународна програма за работа со кучиња за спасување

### Член 60. Спорови

Во споровите меѓу учесници на манифестации одлучува организаторот во присуство на делегатот на КСМ. Последен степен на одлучување во ваквите спорови е КСМ.

## III. ПРАВИЛНИК ЗА СУДИИ И СТРУЧНИ КАДРИ НА КИНОЛОШКИОТ СОЈУЗ НА Р. МАКЕДОНИЈА

**Член 1. Општо**

Кинолошките судии извршуваат почесна работа која ги става пред одговорна задача. Нивното однесување треба да биде одговорно и без замерки, без разлика дали во функција на судии или во приватниот живот. При судење кучиња тие мора да делуваат и одлучуваат според своето најдобро знаење и совест. За да ја исполнат таа задача потребни им се темелни стручни знаења, способност за одлучување и желба за преземање одговорност. Од работата на судиите и од нивните карактерни особини, како на пример одговорност и примерно однесување во сите животни ситуации, зависи и состојбата со понатамошниот развој во одгледување чистокрвни кучиња и работа со нив, а со тоа и угледот и успесите во кинологијата во земјава и во странство.

**Член 2. Собир на кинолошки судии на КСМ**

Собирот на кинолошки судии на КСМ е највисок стручен орган. Собирот го сочинуваат сите кинолошки судии и приправници. Кинолошките приправници имаат право да дискутираат но, немаат право на глас.

Собирот на кинолошки судии се состанува согласно одредбите од Статутот на КСМ.

Надлежности на Собирот на судии се:

- да ја води стручната политика на КСМ;
- да ги усвојува, менува и надополнува општите стручни акти;
- да избира и разрешува членови на Стручниот совет на КСМ;
- на изборно собрание да избира членови на СС од присутните кинолошки судии,
- мандатот на избраните членови на СС трае четири години;
- Собирот на кинолошки судии го свикува претседателот на СС на КСМ, кој и раководи со редовните седници;
- Собирот на кинолошки судии може да го свика и 1/3 од активните кинолошки судии.

**Член 3. Стручен совет**

Стручниот совет (СС) е стручно извршен орган на Собирот на судии на КСМ. Членовите на СС на КСМ се избираат на Собир на кинолошки судии. Кандидатите за членови на СС треба да имаат најмалку десет години судиски стаж и богато судиско искуство. Во СС се бираат најмалку пет членови. Претседател на СС избираат членовите на СС избрани од нивните редови. Од членовите на СС се избира и водител на родовна книга.

Стручниот совет ги има следниве надлежности:

- ги усогласува и извршува одлуките на Собирот на судии;
- се грижи за спроведување на одредбите од Правилникот за стручна работа;
- може да именува стручни комисии за подобрување на стручната работа;
- подготвува стручни акти, ги дополнува или изменува;
- подготвува програми и литература за образование на кадри;
- формира испитна комисија и ги одредува сите испитни рокови;
- ги следи дополнувањата и измените на стручните акти на ФЦИ и преку канцеларијата на КСМ за тоа ги информира сите кинолошки судии и приправници;
- се грижи за издавање потребна стручна кинолошка литература;

- определува делегати на КСМ за сите државни и меѓународни манифестации во Р. Македонија;
- ги одобрува сите стручни обрасци на КСМ;
- СС има обврска да го известува ИО на КСМ за своите одлуки преку канцеларијата на КСМ.

**Член 4. Водител на Родовна книга**

Водителот на Родовната книга мора да биде кинолошки судија со најмалку десет години судиско искуство. Водителот на Родовната книга го избира Стручниот совет на КСМ.

Потребно е да има положено најмалку 7 (седум) ФЦИ групи, од кои задолжително клучните ФЦИ групи.

Водителот на Родовната книга ги одобрува поднесените документи за изработка на родовници и истите ги верификува.

**Член 5. Поделба на судии**

Во зависност од нивната стручност, судиите се делат на две главни групи:

- судии за оценување облик, и
- судии за оценување работа на кучиња.

Судиите за оценување облик на кучиња се делат на следниве категории:

а. Расов судија-судии за оценување облик на една или повеќе раси, односно судии кои оценуваат една или повеќе раси на кучиња од одредени секции или групи. Расовите судии кои имаат положено повеќе од 30% на раси од една ФЦИ група може да судат на таа група во BIS програмата на изложбата.

б. Судија за ФЦИ група-судии кои судат облик на кучиња од една или повеќе ФЦИ групи според номенклатурата на ФЦИ.

Судиите кои имаат положено 5 (пет) или повеќе ФЦИ групи може да судат, односно доделат BIS на кинолошките изложби. Во случај кога ФЦИ признава нова раса од одредена ФЦИ група која судијата ја има положено, тој по правило може да ја суди таа раса. Доколку одредена раса се преместува од една во друга ФЦИ група, судијата кој претходно ја имал положено групата во која припаѓала таа раса го задржува правото да ја суди истата раса, дури и да ја нема положено групата во која е преместена расата.

в. Судија за сите раси (анг. all round judge)-судии за оценување облик на кучиња од сите раси; судии кои имаат право да ги судат сите раси според номеклатурата на ФЦИ, односно сите ФЦИ групи. Кога ФЦИ ќе признае нова раса, на судијата за сите раси (анг. all round) по правило му е дозволено да ја суди и новата раса.

Судиите за оценување работа на кучиња се делат на следниве категории:

- судии за оценување работа на спортско работни кучиња,
- судии за оценување работа на ловечки раси на кучиња,
- судии за агилити, и
- судии за оценување работа на кучиња спасувачи.

**Член 6. Надлежност**

Во согласност со одредбите од Правилникот за стручна работа, во надлежност на Стручниот совет (СС) при КСМ се обуката и испитите за целиот персонал во рингови, судиски стажанти, приправници, судии за оценување облик, како и судии за оценување работа на кучиња. СС објавува и донесува правилници за судии, а го објавува и пописот на приправници и судии. СС одржува врски со странските кинолошки сојузи и дава одобрувања и согласности за судења на македонски судии за облик и работа на кучиња во странство или пак за повикување на странски судии да судат во Р. Македонија. Овие барања треба претходно правовремено да бидат поднесени до КСМ.

КСМ има право на судијата да му ја одземе согласноста за судење на манифестации, согласно одлуките и политиката на КСМ.

**Член 7. Прием на стажанти за кинолошки приправници**

Кинолошките друштва и кинолошките клубови може да предложат до СС стажанти за кинолошки приправници за оценување облик на кучиња или за работа на кучиња. Предложените лица треба да ги задоволуваат следниве услови:

1. Кога приправникот се пријавува за приправник за една или повеќе раси, кандидатот мора:

а. сите судии:

- да има доказ дека е полнолетен;
- дека бил активен член на некое кинолошко друштво или клуб најмалку три години;
- да има доказ дека има завршено најмалку средна стручна спрема;
- да има доказ дека не е осудуван.

б. судии за облик:

- да е сопственик на куче заверено во КСМ, и
- да е сопственик на куче кое е оценето со најмалку оценка одличен 5.

в. судии за работа на ловечки раси кучиња:

- да има положено ловечки испит, и
- да има куче од групата за која полага испит и со своето куче да учествувал на испит за работа кој го положил. Испитот треба да биде положен на натпревар со доделување кандидатура САСТ или САСIT.

г. судии за работа на спортски раси кучиња:

- да е веќе судија за облик, и
- да ги исполнува условите пропишани со правилниците за стручни кадри за спортско работна кинологија, агилити и за работа на кучиња за спасување.

2. Кандидатот мора да имал активности на изложби како записничар или секретар во ринг најмалку 5 (пет) пати во период од најмалку една година со цел да се запознае со процедурата на оценување и правилата на судење.

3. Името на предложениот стажант за приправник ке биде објавено во службено гласило на КСМ (официјална интернет страница на КСМ). Приговори против предложениот кандидат за стажант за приправник може да поднесат кинолошките друштва, клубови и поединци до Извршниот одбор на КСМ во рок од 30 денови од објавување на името на кандидатот. Доколку нема приговори или приговорите се неосновани, Извршниот одбор на КСМ го прифаќа кандидатот за стажант за приправник. Прифатениот стажант за приправник писмено се пријавува за полагање испит.

4. Кандидатот мора да полага испит каде ќе покаже доволно знаење за следниве теми:
- анатомија (статика), морфологија и движење (динамика) кај кучиња;
- генетика, здравје и карактер;
- стандарди на раса/и;
- однесување на судии, принципи и техники на судење;
- статут на КСМ, Правилник за стручна работа на СС на КСМ и основни познавања од поставеноста на ФЦИ;
- останати теми поврзани со кинологија согласно правилниците на КСМ.

Условите за пријавување за полагање испит, откажување испит, како и повторно пријавување испит се уредени со Правилникот за полагање на кинолошки судии.

По положувањето на испитот, името на кандидатот ке биде впишано во листата на приправници и тој ќе добие приправничка книшка која мора уредно да ја води во текот на целото време додека се образува. Таа книшка е важечка и тогаш кога приправникот судија е потврден како судија за само една раса, а сака да изучи други раси или групи.

5. На секој кандидат за стажант за кинолошки приправник Стручниот совет му назначува ментор, кој има 5 години искуство и кој ќе го води кандидатот до полагање на испитот за кинолошки судија

**Член 8. Обука на приправници за судии**

**1. Обука на приправници за судии за оценување облик на кучиња**

Еден од најважните фактори за приправник за судија кој го положил испитот е познавање на пропишаниот стандард од ФЦИ за расата за која положил со цел да може да носи одлуки основани на знаење кое го стекнал за расата која ја суди. Практичниот дел од обуката му помага на приправникот да стекне целосно знаење и разбирање на сите правила, како и процедурата за оценување во ринг. Практичното учење се состои од успешно стажирање на 5 (пет) изложби на кои приправникот стекнува нови знаења. На секоја изложба каде приправникот стажира треба да оцени најмалку три кучиња, а оценските листи ги дава на менторот кој ги проверува и заверува. Листата раси за кои задолжително треба да стажира се во прилог на Правилникот за полагање на испити за кинолошки судии.

Практичната обука се спроведува под надзор на ФЦИ признати и искусни судии.

2. **Обука на приправници за судии за работа на ловни раси кучиња**

Практичниот дел од обуката му̀ помага на приправникот да стекне целосно знаење и разбирање за расите и регулираните правила за работа за таа раса/и, како и процедурата за оценување во работа.

Кандидатот за приправник за судија за работа на ловечки кучиња треба да учествува на најмалку 3 работни испити и тоа еден испит на вродени особини, еден испит во работа, една изложба од рангот САСТ и една изложба од рангот CACIT. На секоја од овие изложби приправникот пополнува оценски листи за најмалку две кучиња кои ги заверува судијата-ментор за наведената изложба. Доколку за одредени раси не се одржуваат изложби од рангот САСТ и CACIT, СС на КСМ по приложена молба на приправникот ќе одреди кинолошки изложби од друг ранг каде тој ќе учествува.

Практичната обука се спроведува под надзор на ФЦИ признати и искусни судии.

3. **Обука на приправници за судии за работа на спортско работни раси кучиња**

Обуката на приправници за судии за работа на спортско работни раси кучиња, судии за агилити, како и судии за работа на кучиња спасувачи и останати стручни кинолошки кадри во работна и спортска кинологија се регулира со правилата наведени во следниве правилници:

1. Правилник за стручни кадри за спортско работна кинологија
2. Правилник за стручни кадри за агилити
3. Правилник за стручни кадри за работа на кучиња спасувачи

**Член 9. Испит**

Откако успешно ќе ја заврши практична обука, приправникот ќе ги достави оценските листи и заверената приправничка книшка до СС и доколку СС го прифати неговото стажирање како успешно, приправникот полага испит кој го организира СС а го свикува претседателот на СС. СС предлага испит кога смета дека за тоа има услови и прави календар за испитни сесии. Испитната комисија се избира најпрво од редовите на СС или по предлог на СС од судиите кои имаат најмалку десетгодишно судиско искуство и кои имаат положено најмалку седум ФЦИ групи и кои без прекин суделе на меѓународни изложби. Испитната комисија е составена од 3 (тројца) судии и сите членови треба да ја судат групата која приправникот ја полага. Доколку приправникот сѐ уште не е судија, еден од судиите кој е член на испитната комисија треба да е од ветеринарната струка. Кога приправникот пријавува испит за прв пат, тој има право да полага за најмногу 5 (пет) раси од една ФЦИ група. На испитот мора да се утврдат несомнено потребните знаења за извршување на судиската работа. Резултатот од испитот се објавува по завршувањето на испитувањето на кандидатот. Приправникот го положил испитот доколку за тоа се изјаснат повеќето од членовите на комисијата; доколку некој член од комисијата се воздржува од гласање тоа се смета за глас против положување на испитот. СС писмено ги доставува резултатите од испитот до КСМ кој ги објавува во официјалното кинолошко гласило на КСМ.

Условите за пријавување, полагање, одложување и повторно полагање на испит се регулирани со Правилникот за полагање на кинолошки судии.

Приправникот за кинолошки судија кој во теоретскиот и практичниот дел неуспешно ќе ја помине обуката, во рок од 5 (пет) години се брише од листата приправници за судии.

**Член 10. Полагање за дополнителни раси или ФЦИ групи**

а) Судии за облик

Судиите кои веќе имаат положено за една или повеќе раси а сакаат да станат судии за дополнителни раси или ФЦИ групи, мора писмено да побараат одобрување од СС за да пристапат до практична обука-стажирања на најмалку 5 (пет) изложби. Откако успешно ќе стажираат, ќе се пријават на задолжителен практичен испит за наведените раси пред испитната комисија на СС при КСМ. За расите кои не се наведени на листата за задолжително стажирање, кандидатот полага само писменен испит.

б) Судии за ловни раси

Судиите кои веќе имаат положено за работа на ловни раси и имаат една или повеќе групи, а имаат желба да полагаат за дополнителни групи за судии за работа на ловни раси, мора писмено да побараат одобрување од СС за да пристапат до практична обука-стажирања на најмалку 3 (три) работни изложби (ИПО, една изложба во ранг на САСТ и една изложба од рангот CACIT) на кои ќе дадат опис за работата на најмалку 2 (две) кучиња на една изложба. Оценските листи треба да им бидат заверени од ментор ФЦИ судија. Доколку за одредени ловечки раси-групи кучиња не се одржуваат изложби од рангот САСТ и CACIT, по приложена молба на приправникот СС на КСМ ќе одреди кинолошки изложби од друг ранг каде тој ќе учествува. Откако успешно ќе завршат со стажирањето, ќе се пријават на задолжителен практичен испит за наведената раса-група пред испитна комисија на СС при КСМ.

**Член 11. Начин на назначување кинолошки судија**

а) Кога приправникот веќе ја завршил теоретската и практична обука и успешно го положил практичниот испит, по предлог на СС се прогласува за судија за оценување на оние раси или групи кои успешно ги положил. Прогласувањето мора да биде објавено во службеното гласило на КСМ.

б) Судијата за облик на кучиња кој ги положил сите раси според номенклатурата на ФЦИ од една ФЦИ група ќе биде прогласен за судија за таа група, тоа го потврдува СС и го проследува до извршниот одбор на КСМ.

в) За судија за сите раси (анг. all round) за работа на кучиња ќе биде прогласен оној судија кој со редовна обука ги положил испитите за сите работни дисциплини кај ловечки, спортски и работни кучиња и ги положил испитите за облик на кучиња, односно групите каде припагаат ловечките, спортските и работните раси кучиња. Откако СС ќе го потврди горенаведеното, го проследува до Извршниот одбор на КСМ.

г) За судија за сите раси (анг. all round) за облик на кучиња ќе биде прогласен оној судија кој со редовна обука ги положил сите ФЦИ групи, кој бил активен најмалку 10

години и кој судел најпрво на изложби од рангот CACIB изложби. Кандидатот не смее да е помлад од 45 години. Откако СС ќе го потврди горенаведеното, до Извршниот одбор на КСМ проследува дека овој судија може да се прогласи за судија за сите раси (анг. all round). Прогласувањето за судија за сите раси (анг. all round) ќе биде објавено во службеното гласило на КСМ.

**Член 12. Поделба на судии за оценување облик на кучиња**

а) Судиите за оценување облик на кучиња се делат на:
- национални (државни) судии, и
- меѓународни (интернационални) или ФЦИ судии.

б) Откако успешно ќе го положи испитот и откако СС ќе го потврди и извести Извршниот одбор на КСМ, секој судија ќе се прогласи за национален-државен судија. Националниот судија за облик на кучиња може да ги суди сите раси-групи кој ги положил на сите манифестации од национален карактер на кои се оценува обликот на кучиња. Ова правило еднакво важи и за судиите за работа на ловни раси.

в) Национален судија за облик или работа може да стане меѓународен ФЦИ судија доколку ги исполнува следниве услови:
- како национален судија за облик на кучиња судел на најмалку 3 (три) CAC или специјализирани изложби откако поминале најмалку 2 (две) години од положување испит за судија и доколку се служи со еден од службените јазици на ФЦИ, и
- како национален судија за работа на кучиња судел барем една година на работни испити од различни степени, вклучувајки и CACT.

**Член 13. Судење на меѓународни изложби под заштита на ФЦИ**

Во согласност со претходно наведените услови, кандидатури CACIB односно CACIT на меѓународните изложби и натпревари во работа може да се доделуваат само од судии кои се на листата судии на КСМ.

Судии кои не суделе во период од 5 (пет) години или повеќе се бришат од листата меѓународни судии на КСМ. За да бидат повторно ставени на листата на судии треба повторно да полагаат.

На судија кој суди група му е дозволено да доделува кандидатура CACIB за сите раси наведени во групата. Исто така му е дозволено судење во категоријата Best of Group (BOG) на CACIB изложбите за оние групи за кои има лиценца; за ова не е потребна согласност од КСМ која инаку се бара. На судија кој суди групи дозволено му е финално судење во BIS на меѓународни изложби, доколку со тоа се согласува националниот сојуз кој го повикал судијата и доколку судијата има положено за најмалку 5 (пет) групи.

На судиите на КСМ кои се прогласени за судии за сите раси (анг. all round) им е дозволено да ги судат сите раси и сите категории вклучувајки Best in Group (BOG) и Best in Show (BIS) на CACIB изложбите.

к) Судија на изложба на која не е во функција на судија може да изложува кучиња кои се одгледани од него, во негова сопственост, косопственост или во сопственост на партнер, член на негово семејство или личност со која што живее во заедница.

л) Судија не смее да суди куче кое било во негова сопственост, косопственост, во престој-аранжман кај судија или кое го продал во период од шест месеци пред изложба на која суди. Тоа се однесува и на кучиња кои се или биле во сопственост на негов партнер, член на семејство или личност со која живее во заедница.

љ) Судија не смее да патува на изложба на која суди со изложувачи или натпреварувачи чии кучиња ќе ги оценува.

м) Судија во никој случај не смее да се дружи или престојува кај изложувачи или натпреварувачи чии кучиња ќе ги оценува. Тоа може да го направи само по завршеното судење.

н) Судија не смее да прифати покана за судење на две манифестации кои се одржуваат истовремено.

**Член 16. Прифаќање покана за судење**

а) Судија може да суди само на изложби под покровителство на КСМ и/или ФЦИ, или на изложби кои ги организираат земји членки на ФЦИ или партнери на ФЦИ. Судија не смее да суди на изложби кои не се признати од ФЦИ, освен ако не се организирани од земји кои не припаѓаат на подрачје каде делува ФЦИ (односно земји кои не се членки, ниту партнери на ФЦИ). Сепак, и во тој случај потребно е судијата да добие согласност од КСМ.

б) По примање на покана за судење надвор од земјата во која што живее, судијата треба да се праша дали организаторот на изложбата организира изложби под покровителство на ФЦИ или дали организаторот е од земја призната од ФЦИ.

в) Доколку организаторот на изложба е клуб судија, мора да се увери дали клубот е службено признат од националниот сојуз на земјата членка на ФЦИ или на земја членка која е контракт партнер.

г) Судија смее да суди на изложби надвор од земјата во која живее само доколку има писмена согласност од КСМ за судење. Оваа согласност треба да ја побара организаторот на изложбата преку националниот сојуз на земјата во која се одржува изложбата, а копијата му се испраќа на повиканиот судија.

д) Кога судија суди надвор од државата во која живее, за време судењето мора течно да зборува барем еден од четирите јазици на ФЦИ (англиски, француски, германски или шпански). Во случај кога судија не може да го исполни овој услов а доколку

организаторот тоа го бара од судијата, судијата треба самиот да си обезбеди преведувач.

ѓ) Во ниеден случај судија не треба да се согласи да суди раса на куче или работа на куче за која нема одобрение за судење од страна на КСМ, истото се однесува за судење на Best of Group и Best in Show.

**Член 17. Казнени одредби**

а) Ако судија ги прекрши одредбите од Правилникот за стручна работа на КСМ или ФЦИ, Правилникот за изложби, како и одредбите од Правилникот за судии на ФЦИ на кој било начин тој подлежи на санкции во надлежност на КСМ. Доколку прекршокот е докажан, се донесува одлука за казнување во согласнот со важечите правилници.

б) Судија има загарантирано право да се изјасни усмено или писмено. Судија мора да има право на жалба на одлука. Лицата кои учествувале во донесување на казна не смее да бидат членови на тела до кои се доставува жалба.

в) Според правилниците на КСМ, за прекршувања извршени од судија можни се следниве казнени мерки:

- затворање на случај без казнени одредби;
- опомена со или без предупредување за забрана за судење;
- забрана за судење на одреден временски период;
- бришење на судија од судиска листа;
- одбивање или повлекување на согласност за судење во странство.

ѓ) Доколку се работи за меѓународен судија, КСМ ќе го извести ФЦИ за својата одлука откако казната ќе стапи на сила.

**Член 18. Примена на Правилникот**

Доколку одредени делови од овој Правилник станат неважечки, Стручниот совет на КСМ во согласност со Извршниот одбор на КСМ може по своја одлука да преземе мерки за измени на Правилникот со цел сите кинолошки манифестации организирани под покровителство на КСМ, а во согласност со одредбите од овој Правилник, да бидат важечки и за да се осигури примената на тие одредби.

Доколку некои одредби од овој Правилник станат неважечки, од тоа не произлегува дека целиот Правилник е неважечки.

**Член 19. Стапување на сила и преодни одредби**

Овој Правилник стапува на сила на денот на донесување - 20.12.2020 година.

Претседател на СС при КСМ
Панче Дамески